СЛУ
НА СОЦИЈАЛИСТ

Službeni vesnik SR Makedonije 91001 Skopje fah 51

А

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

БЕЛГРАД

БРОЈ 6 ГОД. XLIV

...број е 1.140 динари. – Аконтација на претплатата за 1988 година изнесува 12.500 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**31.**

Врз основа на член 5 од Законот за средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85 и 31/87) и член 31 став 2 точка 1 од Статутот на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/86), Собранието на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, на 10. седница од 16 декември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗНОС НА СРЕДСТВАРА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА 1986 ГОДИНА

1. Средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: средствата на Фондот) за 1986 година се утврдуваат во следните износи:

| | – во милиони динари – | | |
|---|---|---|---|
| | | од тоа | |
| Републики и автономни покраини | Вкупно | здружување на трудот и средствата на ОЗТ | задолжителен заем |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| – СР Босна и Херцеговина | 42.051,5 | 23.208,5 | 18.843,0 |
| – СР Македонија | 17.718,9 | 9.779,0 | 7.939,9 |
| – СР Словенија | 56.561,6 | 31.216,3 | 25.345,3 |
| – СР Србија надвор од териториjата на автономните покраини | 68.337,4 | 37.715,4 | 30.622,0 |
| – САП Војводина | 29.682,7 | 16.381,9 | 13.300,8 |
| – САП Косово | 6.352,4 | 3.505,9 | 2.846,5 |
| – СР Хрватска | 76.192,7 | 42.050,8 | 34.141,9 |
| – СР Црна Гора | 6.609,5 | 3.647,8 | 2.961,7 |
| ВКУПНО: | 303.506,7 | 167.505,6 | 136.001,1 |

2. Републиките и автономните покраини се должни разликата помеѓу конечниот износ на средствата на Фондот утврдени со оваа одлука и износот уплатен на име аконтација за 1986 година, да ја уплатат на сметката на Фондот на федерацијата во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

02 Број: 548/7-87
16 декември 1987 година
Белград

**Собрание на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини**

Претседател
на Собранието на фондот,
**Ѓорѓе Јанковиќ**, с. р.

**32.**

Врз основа на член 41 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86, 42/87, 65/87 и 87/87), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА НА СРЕДСТВАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на пресметување на ревалоризацијата на средствата („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/87 и 66/87) член 6 се менува и гласи:

„Ревалоризацијата на побарувањата и обврските со рок за наплата односно плаќање пократок од 12 месеци, согласно со член 28а став 4 од Законот за вкупниот приход и доходот, може да се пресметува на крајот на месецот односно тримесечјето, со тоа што пресметаната ревалоризација по конформна стапка на невтасаните побарувања односно обврски не ѝ се припишува на главницата, туку се искажува на посебна аналитичка сметка во рамките на сметката на која се искажуваат побарувањата односно обврските.

Наплата на ревалоризациониот дел на каматата од став 1 на овој член се врши во роковите што се договорени односно пропишани и што втасуваат за наплата во рокот или по рокот за наплата на нереволоризираната главница.

Член 2

Член 7 се менува и гласи:

„Плаќање на ревалоризациониот дел на каматата може да се договори и во пократки рокови од роковите утврдени согласно со член 28а став 4 од Законот за вкупниот приход и доходот, ако тоа должникот изречно го бара."

Член 3

Во член 8 став 1 зборовите: „член 6 став 3 на овој правилник" се заменуваат со зборовите: „член 28а став 3 на Законот за вкупниот приход и доходот", а зборовите: „во претходната година" се заменуваат со зборовите: „во декември претходната година во однос на декември поранешната година".

Во став 3 зборовите: „од член 6 ст. 3 и 4 на овој правилник" се заменуваат со зборовите: „од член 28а ст. 3 и 4 од Законот за вкупниот приход и доходот", а зборовите: „од член 6 став 6 на овој правилник" се заменуваат со зборовите: „од член 28а став 6 на истиот закон"

Член 4

Член 10 се брише.

Член 5

Во член 14 став 2 се менува и гласи:

„Под реден број 1 на образецот од став 1 на овој член се запишува коефициентот на растежот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на пресметковниот период. Под ред. бр. 2, 3, 6, 8, 9 и 10 се запишува збирот на износите на салдата на контата наведени во колона 2 од образецот, на крајот на пресметковниот период. Под реден број 3 се запишува исправката на вредноста на основните средства, вклучувајќи ја пресметаната амортизација во текот на годината. Под ред. бр. 4, 5, 7, 11 и 12 се запишуваат износите добиени со пресметување од претходните редни броеви дадени во загради по описот во колона 3".

Во став 3 зборовите: „точка 2" се заменуваат со зборовите: „точка 1".

Член 6

Во член 17 став 2 по зборовите: „расходуваните основни средства" се додаваат запирка и зборовите: „освен на шумите".

Член 7

Во член 19 став 4 точка 6 зборовите: „од член 3о став 2" се заменуваат со зборовите: „од член 28 став 12 и член 31 став 3", а по зборот: „податок" знакот точка и запирка се заменува со запирка и се додаваат и зборовите: „а за шумите, основното стадо и земјиштето што се ревалоризира според одредбите на член 32 став 4 од истиот закон, се запишува знакот: „ × ".

Во точка 7 по зборовите: „содржината на колоната" се додаваат зборовите: „освен во колони 8 и 9, во кои, во случаите кога во колона 7 е запишан знакот „ × ", се внесува износот на ревалоризацијата на шумите, на основното стадо односно на земјиштето, утврден според одредбите на член 32 ст. 4 до 6 од Законот за вкупниот приход и доходот", а зборовите: „член 9" се заменуваат со зборовите: „член 17".

По став 6 се додава став 7, кој гласи:

„Зголемување на набавната вредност на основните средства во согласност со одредбите на член 28 став 5 и член 32 став 7 од Законот за вкупниот приход и доходот се врши по извршената конечна ревалоризација на основните средства и по извршената контролна ревалоризација на трајните извори на деловни средства.".

Член 8

Во член 20 став 2 по зборот: „згради" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како ни пресметаните средства за репродукција на шумите".

Член 9

Во член 21 став 2 точка 2 зборовите: „член 40 точка 2" се заменуваат со зборовите: „член 40 точка 1".

Член 10

Чл. 23 до 36а се менуваат и гласат:

„Член 23

Ревалоризација на залихите на материјал и ситен инвентар се врши на еден од следните начини:

1) како ревалоризација без користење на заеднички складови за повеќе корисници на општествени средства (на обрасците РЗ-1, РЗ-2);

2) како ревалоризација со користење на заеднички складови за повеќе корисници на општествени средства (на обрасците РЗ-1, РЗ-2, РЗ-3 и РЗ-4).

Под заеднички складови, во смисла на став 1 од овој член, се подразбираат складовите на материјал и ситен инвентар (класа 3) во рамките на иста работна односно сложена организација на здружен труд (здружени средства) во која е здружен и корисникот на општествени средства кој од тие складови ги презема материјалот и ситниот инвентар, било за обновување на залихите во сопствените складови, или за директни потрошоци, со задолжување на контата од групите 31, 35 и 36 и класа 4, а со одобрување на контата од групата 26 кај корисникот на општествени средства односно задолжување на контата од групата 16 и одобрување на контата од групите 31, 35 и 36 во заедничкиот склад.

Корисникот на општествени средства може да одлучи ситниот инвентар, автогумите и амбалажата, во целост или делумно, да ги ревалоризира со коефициентите од член 40 точка 1 на Законот за вкупниот приход и доходот, на начинот од чл. 13 до 17 и чл. 19 до 22 од овој правилник, ако тоа го регулирал со својот општ акт и ако отпис на вредноста на тие средства во текот на годината врши во роковите и по стапките на отпис што претходно се утврдени во општиот акт и ако на крајот на годината резултатот од ревалоризацијата на набавната вредност и отписот на вредноста ги припишува на конкретните предмети што така ги ревалоризира.

На извршениот отпис и на надоместот на неотпишаната вредност од став 3 на овој член се применуваат одредбите на членовите наведени во тој став што се однесуваат на амортизацијата, а вредностите на тие средства и нивната ревалоризација во текот на годината се водат на посебни аналитички конта во рамките на соодветните конта од групите 35, 36 и 40, на кои не се применуваат одредбите на чл. 24 до 31 од овој правилник односно што не се опфатени со тие одредби.

Корисникот на општествени средства не врши ревалоризација на ситниот инвентар, автогумите и амбалажата што во целост се отпишани, но не е должен да ги води на посебни аналитички конта во рамките на контата од групите 35 и 36, на кои не се применуваат одредбите на чл. 24 до 31 од овој правилник односно што не се опфатени со тие одредби.

**1. Ревалоризација без користење на заеднички складови**

Член 24

Ревалоризација со единствен коефициент од член 35 ст. 3 и 4 или став 6 од Законот за вкупниот приход и доходот, без користење на заеднички складови, кога корисникот на општествени средства користи залихи на материјал и ситен инвентар само од сопствени складови во кои материјал и ситен инвентар допремува директно од набавувачот, се врши на обрасците „Пресметка на ревалоризацијата на определен вид залихи", „Пресметка на ревалоризацијата на определен вид залихи" (образец РЗ-1) и „Распоред на ревалоризација на залихите" (Образец РЗ-2).

Ревалоризација на залихите на состојба во случај на примена на книговодствените методи од член 35 став 5 на Законот за вкупниот приход и доходот се врши само на образецот РЗ-2.

Член 25

Одделни редни броеви на образецот РЗ-1 во случаите од член 24 став 1 на овој правилник се пополнуваат на следниот начин:

1) под ред. бр. 1 до 13 се запишува износот на салдата на контата од класа 3 (залихи на материјал и ситен инвентар) во кои салда контата на ревалоризација на залихите се земаат најмногу до износот на состојбата во почетокот на годината (конта 318, 358 и 368), освен контата чија вредност се ревалоризира во согласност со одредбите на член 23 ст. 3 до 5 на овој правилник, а ако меѓу одделни месечни состојби обврзникот на ревалоризацијата не ја утврдува состојбата иако постојат промени, разликата се дели со бројот на месеци меѓу утврдувањата на состојбата и за количникот за секој месец се коригира поранешната состојба:

2) под ред. бр. 14, 15, 18, 19, 20, 24, 25 и 28 се запишуваат износите добиени со пресметување од претходните редни броеви дадени во загради по описот во колона 2, при што во збирот под реден број 14 не се опфаќа состојбата на крајот на пресметковниот период, а износот под реден број 15 се пресметува со делење со бројот на земените состојби во збирот;

3) под реден број 16 се запишува износот на побарувачкиот промет на контата од класа 3 во тековната година без меѓумагацинскиот промет и без контата чија вредност се ревалоризира во согласност со одредбите на член 23. ст. 3 до 5 од овој правилник;

4) под реден број 17 се запишува бројот 1,00000;

5) ред. бр. 21 и 22 не се пополнуваат;

6) под реден број 23 се запишува коефициентот на ревалоризацијата од член 40 став 1 точка 5 од Законот за вкупниот приход и доходот;

7) под реден број 26 се запишува збирот на почетните состојби на контата 318, 358 и 368;

8) под реден број 27 не се запишува ништо.

Член 26

По пополнувањето на образецот РЗ-1, во случаите од член 24 став 1 на овој правилник, ред. бр. 1 до 16 во образецот РЗ-2 се пополнуваат на следниот начин:

1) под ред. бр. 1 до 3 и 5 во колона 3 се запишуваат износите на салдата на соодветните конта дадени во загради по описот во колона 2;

2) под реден број 4 во колона 3 се запишува износот што се добива кога под редниот број 20 од образецот РЗ-1 ќе се одземе износот под реден број 5 во колона 3 на образецот РЗ-2;

3) под ред. бр. 1 до 5 секој износ во колона 3 се дели со нивниот збир од реден број 6, а коефициентот се запишува во колона 4 на пет децимали;

4) под реден број 6 во колона 5 се запишува износот под реден број 28 од образецот РЗ-1 и се множи со коефициентите под ред. бр. 1 до 5 од колона 4, а производот, под соодветните редни броеви, се внесува во колона 5;

5) под ред. бр. 7, 9, 11, 13 и 15 се запишуваат затекнатите состојби на соодветните конта;

6) под ред. бр. 8, 10, 12, 14 и 16 се запишуваат износите добиени со пресметување од претходните редни броеви дадени во загради по описот во колона 2, што се книжат во корист на ревалоризационите приходи, а врз товар на соодветните конта (во случај на негативни вредности - со сторнирање на дотогашните книжења со метод на црвено сторно).

Во случајот од член 35 став 6 од Законот за вкупниот приход и доходот не се пополнуваат колоните 3 до 5 ред. бр. 1 до 3 и ред. бр. 7 до 12 на образецот РЗ-2.

Член 27

Во случаите од член 24 став 2 на овој правилник под ред. бр. 1, 2 и 3 во колона 3 на образецот РЗ-2 се запишува состојбата на залихите од книговодството, во колона 4 се запишува знакот: „х", а во колона 5 разликата на вредноста на залихите до збирот на највисоките, последните односно просечните набавни цени во пресметковниот период, ако корисникот на општествени средства од став 1 на овој член на крајот на годината состојбата од контото 318 ја пренесува на другите конта од групата 31 и ги коригира поединечните цени на тие материјали во аналитичката евиденција што се води по вид, количина и вредност.

Во случајот од став 1 на овој член, под ред. бр. 4, 5, 13, 14, 15 и 16 во колоните 3 до 5 не се запишува ништо.

Член 28

Корисникот на општествени средства може да ги ревалоризира залихите затечени на состојба кон крајот на пресметковниот период и во помал износ од износот утврден според одредбите на член 26 став 1 и член 27 од овој правилник. Тоа намалување се евидентира во образецот РЗ-2, во колона 5, така што за износот на намалувањето се зголемува износот под реден број 4, а во збирот се намалуваат износите под ред. бр. 1 до 3 на тој образец.

Член 29

Ако ревалоризацијата на материјал и ситен инвентар се врши по видови во согласност со одредбата на член 35 став 8 од Законот за вкупниот приход и доходот, ревалоризацијата се пресметува на образецот „Распоред на ревалоризацијата на определен вид залихи" (образец РЗ-3), кој се користи за распоред на ревалоризацијата од колона 5 на реден број 4 на образецот РЗ-23, по одделни носители на трошоците.

**2. Ревалоризација со користење на заеднички складови**

Член 30

Ревалоризација со единствен коефициент од член 35 ст. 3 и 4 или став 6 од Законот за вкупниот приход и доходот со користење на заеднички складови, се врши кога корисникот на општествени средства користи залихи на материјал и ситен инвентар само и од заеднички складови што не се складови на корисникот на општествени средства, на обрасците од чл. 24 и 29 на овој правилник и на образецот „Пресметка на ревалоризацијата што ќе пренесува на трошоците" (образец РЗ-4).

Ревалоризација од став 1 на овој член се врши за секој заеднички склад на обрасците РЗ-1 и РЗ-3. По ревалоризацијата на сите заеднички складови, податоците за секој корисник на општествени средства се собираат на образецот РЗ-4, а збировите под реден број 27 се пренесуваат во образецот РЗ-1 на корисникот на општествени средства, по што ревалоризацијата во се се врши според одредбите на чл. 25 и 29 од овој правилник.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, ако корисникот на општествени средства користи само еден заеднички склад, податокот од образецот РЗ-3 за одделен корисник на општествени средства директно се пренесува на реден број 27 на образецот РЗ-1 на тој корисник.

Корисникот на општествени средства кој во работењето директно користи вредности од заеднички складови, без обновување на сопствениот склад, ревалоризацијата на тие вредности ја насочува директно на посебно аналитичко конто во рамките на контото 409, без внесувањето на тие податоци под реден борј 27 на образецот РЗ-1.

Член 31

Податоците во образецот РЗ-1 за секој заеднички склад од член 30 став 2 на овој правилник се внесуваат на ист начин како што е определно за корисникот на општествени средства во член 25 на овој правилник, со тоа што под реден број 16 се запишува побарувачкиот промет на контото од класа 3 со меѓумагацинскиот промет.

Податоците добиени од образецот РЗ-1 за определен заеднички склад се распоредуваат на одделни корисници на општествени средства во образецот РЗ-3, каде што под ред. бр. 3 до 28 во колоната се запишуваат одделни корисници на општествени средства, а во колона 3 - износите на искористените залихи од тој заеднички склад, по можност одвоено за вредностите што корисниците на општествени средства ги користат непосредно во своето работење, а одвоено за вредностите што ги преземаат во сопствените складови.

Секој износ од колона 3 на образецот РЗ-3 за определен склад се дели со нивниот збир, а коефициентот се запишува во колона 4, на пет децимали.

Под последниот број во колона 5 во образецот РЗ-3 се запишува износот под реден број 28 на образецот РЗ-1 за секој заеднички склад, се множи со коефициентите од колона 4 и се внесува во колона 5 под соодветен реден број.

Износите од колона 5 под ред. бр. 1 и 2 на образецот РЗ-3 се распоредува според одредбите на самоуправниот општ акт со кој е регулирано финансирањето на залихите во определен заеднички склад. Притоа износот под реден број 1, по правило, се распоредува на ист начин како и приходот по тој основ и се пренесува на соодветниот корисник на општествени средства во неговиот образец РЗ-4. Износот под реден број 2, ако со самоуправниот општ акт не е определено поинаку, се распоредува на корисниците на општествени срдства според учеството во финансирањето на залихите во заедничкиот склад преку нивните посебни обрасци РЗ-4, со задолжување во заедничкиот склад на контата 318, 358 односно 368, а со одобрување на соодветното конто од групата 26, додека кај корисниците на општествени средства за тој износ се задолжува соодветното конто од групата 16, а се одобруваат ревалоризационите приходи, при што се води сметка за постојаната состојба на контата на ревалоризацијата на залихите во заедничкиот склад. Другите износи на ревалоризацијата што кај корисникот на општествени средства се пренесуваат во неговиот образец РЗ-4 (освен ревалоризацијата на состојбата на залихите во заедничкиот склад) не предизвикуваат никакви промени во книговодството на заедничкиот склад, туку само кај корисникот на општествени средства.

За секој корисник на општествени средства, во посебен образец РЗ-4 се собираат износите од одделни заеднички складови, со преземање на соодветните износи од образецот РЗ-3 колона 5 за одделни складови (освен во случајот од член 30 став 3 на овој правилник).

Кај корисникот на општествени средства збирот на износите од образецот РЗ-4, со исклучок на оној негов дел во кој директно се товарени контата 409 и 728, се запишува во образецот РЗ-1 под реден број 27, а другите податоци во обрасците РЗ-1 и РЗ-2 се пополнуваат според одредбите на чл. 25 до 29 од овој правилник.

## VI. РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРОИЗВОДСТВОТО

### Член 32

Ревалоризација на производството од член 35 на Законот за вкупниот приход и доходот се врши со единствен коефициент по завршената пресметка на производството на обрасците „Пресметка на ревалоризацијата на определен вид залихи" (образец РЗ-1) и „Распоред на ревалоризацијата на залихите" (образец РЗ-2), по извршената, на залихите пренесена и во аликвотниот дел пресметана, врз товар на обртните средства по основ на залихи, ревалоризација на амортизацијата и ревалоризација на потрошените залихи на материјал и ситен инвентар.

Пресметувањето врз товар на обртните средства по основ на залихи на ревалоризацијата на амортизацијата во залихи се врши сразмерно со пресметувањето на амортизацијата во залихи, а пресметување на ревалоризацијата на потрошените залихи на материјал - сразмерно со пресметувањето во залихи на одделни видови материјални трошоци што потекнуваат од залихите од класа 3.

Пред пополнувањето на обрасците од став 1 на овој член само при првата примена се врши прекнижување на затечената состојба на контото 188 (ревалоризација на разграничениот дел на доходот по основ на залихи) на контото 608 (ревалоризација на недовршените прозводи и услуги, полупроизводи и делови), а ако на контата од групата 60 салдото е нула, прекнижување се врши на контото 638 (ревалоризација на залихите на готови производи).

### Член 33

Одделни редни броеви во колона 3 на образецот РЗ-1 од член 32 на овој правилник се пополнуваат на следниот начин:

1) под ред. бр. 1 до 13 се запишува збирот на износите на салдата на дел на контата од група 18 (разграничен дел на доходот) кој се однесува на залихите искажани на контата од група 60 (производство) и салдата на контата од група 60, на определен ден, во кој салдата на контата на ревалоризацијата на залихите се земаат најмногу до износот на состојбата на почетокот на годината (конто 608), а ако меѓу одделни месечни состојби корисникот на општествени средства не ја утврдува состојбата, иако постојат промени, разликата се дели со бројот на месеци меѓу утврдувањата на состојбата, и за количникот за секој месец се коригира поранешната состојба;

2) под ред. бр. 14, 15, 18, 19, 20, 24, 25 и 28 се запишуваат износите добиени со пресметување од претходните редни броеви дадени во загради по описот во колона 2, при што збирот под реден број 14 не ја опфаќа состојбата на крајот на пресметковниот период, а износот под реден број 15 се пресметува со делење со бројот на земените состојби во збирот;

3) под реден број 16 се запишува збирот на износите на почетната состојба на соодветниот дел на контата од група 18 кој се однесува на залихите искажани на контата од група 60, состојбата на контата од групите 40, 41, 42, 43 и 45 на пресметаните бруто лични доходи по основ на тековниот труд во текот на годината односно аконтациите на личните доходи додека личните доходи по основ на тековниот труд не се дефинирани, пресметаните обврски од доходот што не зависат од големината на остварениот доход, освен обврските за парични казни за стопански престапи и прекршоци, за административни такси и судски трошоци, како и збирот на износите на почетното салдо на контата од група 60, без контото 608, намален за завршните салда на соодветниот дел на контата од група 18 кој се однесува на залихите искажани на контата од група 60 и контата од група 60 без контото 608, при што од износите пресметани во текот на годината се изземаат износите што корисникот на општествени средства, во согласност со самоуправниот општ акт, не ги пресметува врз товар на обртните средства по основ на залихи на производство и готови производи;

4) под реден број 17 се запишува бројот: „1,00000";

5) ред. бр. 21 и 22 не се пополнуваат;

6) под реден број 23 се запишува коефициентот на ревалоризацијата од член 40 став 1 точка 5 на Законот за вкупниот приход и доходот;

7) под реден број 26 се запишува почетната состојба на контото 608;

8) под реден број 27 не се запишува ништо.

По пополнувањето на образецот РЗ-1 од став 1 на овој член, ред. бр. 18 до 29 во образецот РЗ-2 се пополнуваат на следниот начин:

1) под реден број 18 во колона 3 се запишува износот од реден број 20 од образецот РЗ-1;

2) под реден број 19 во колона 3 се запишува последната состојба запишана под ред. бр. 2 до 13 на крајот на пресметковниот период во образецот РЗ-1, намалена за износот на состојбата на контото 608 што е содржан во последната состојба;

3) под ред. бр. 20, 24, 25, 28 и 29 во колони од 3 до 5 не се запишува ништо;

4) секој износ од колона 3 под ред. бр. 18 и 19 се дели со нивниот збир под реден број 21, а коефициентот се запишува во колона 4, на пет децимали;

5) под реден број 21 во колона 5 се запишува износот од реден број 28 од образецот РЗ-1 и се множи со коефициентите од колона 4 под ред. бр. 18 и 19, а производот се внесува под соодветните редни броеви во колона 5;

6) под реден број 26 се запишува затекнатата состојба на контото 608;

7) под реден број 27 се запишува износот добиен со пресметување од претходните редни броеви дадени во загради по описот во колона 2 што се книжи во корист на ревалоризационите приходи, а врз товар на контото 608 (во случај на негативни вредности - со сторнирање на дотогашните книжења по методот на црвено сторно).

Обрасците РЗ-1 и РЗ-2 од ст. 1 и 2 на овој член не се пополнуваат ако во ниеден пресметковен период во текот на годината не постоело ни почетно ни завршно салдо на контата од група 60 односно на припаѓачкиот дел на контата од група 18.

Корисникот на општествени средства може да ги ревалоризира залихите затекнати на состојба кон крајот на претсметковниот период и во помал износ од износот утврден според одредбите на ст. 1 и 2 од овој член. Ова намалување се евидентира во образецот РЗ-2 во колона 5, така што за износот на намалувањето се зголемува износот под реден број 18, а се намалува износот под реден број 19 на тој образец.

### Член 34

Корисникот на општествени средства кој врши ревалоризација на производството по одделни носители на трошоците, во согласност со одредбата на член 35 став 8 од Законот за вкупниот приход и доходот, по секој носител на трошоците ги изработува одвоено обрасците РЗ-1 и РЗ-2.

## VII. РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА ГОТОВИТЕ ПРОИЗВОДИ

### Член 35

Ревалоризација на готовите производи од член 35 на Законот за вкупниот приход и доходот се врши со единствен коефициент на обрасците РЗ - 1 и РЗ - 2 по завршената пресметка на производството.

### Член 36

Одделните редни броеви во колоната 3 на образецот РЗ - 1 од член 35 на овој правилник се пополнуваат на следниот начин:

1) под ред. бр. 1 до 13 се запишува збирот на износите на салдата од делот на контата од групата 18 (разграничен дел на доходот) што се однесува на залихите искажани на контата од групата 63 (готови производи) и салдата на контата од групата 63 во определен ден, во кој салдата на контата на ревалоризацијата на залихите се земаат најмногу до износот на состојбата на почетокот на годината (конто 638), а ако меѓу одделните месечни состојби корисникот на општествени средства не ја утврдува состојбата иако постојат промени, разликата се дели со бројот на ме-

сеците меѓу утврдувањето на состојбата и за количникот, за секој месец се коригира поранешната состојба;

2) под ред. бр. 14, 15, 18, 19, 20, 24, 25 и 28 се запишуваат износите добиени со пресметување од претходните редни броеви дадени во заградите зад описот во колоната 2, при што во збирот со реден број 14 не се опфаќа состојбата на крајот од пресметковниот период, а износот под реден број 15 се пресметува со делење со бројот на заменитe состојби во збирот;

3) под реден број 16 се запишува збирот на износите на вкупната почетна состојба на салдото на контата од групата 18, контата од групата 60 без контото 608, како и контата од групата 63 (готови производи) без контото 638, состојбата на контата од групите 40, 41, 42, 43 и 45 на пресметаните бруто лични доходи по основ на тековниот труд во текот на годината, односно на аконтациите на личните доходи (додека бруто личните доходи по основ на тековниот труд не се дефинирани) и на пресметаните обврски од доходот што не зависат од големината на остварениот доход, освен обврските за паричните казни за стопански престапи и прекршоци, за административни такси и судски трошоци, намален за вкупните завршни салда на контата од групата 18, контата од групата 60 без контото 608, како и на контата од групата 63 без контата на групата 638, при што од износите пресметани во текот на годината се изземаат износите што корисникот на општествени средства, во согласност со самоуправниот општ акт, не ги пресметува врз товар на обртните средства по основ на залихите на производството и готовите производи;

4) под реден број 17 се запишува бројот: „1.00000";

5) ред. бр. 21 и 22 не се пополнуваат;

6) под реден број 23 се запишува коефициентот на ревалоризација од член 40 став 1 точка 5 од Законот за вкупниот приход и доходот;

7) под реден број 26 се запишува почетната состојба на контото 638;

8) под реден број 27 се запишува износот од колоната 5 на редниот број 18 од образецот РЗ – 2 за ревалоризација на производството утврден според одредбите на член 33 став 2 точ. 1, 2, 4 и 5 на овој правилник.

По пополнувањето на образецот РЗ – 1 од став 1 на овој член, ред. бр. 18 до 29 во образецот РЗ – 2 се пополнуваат на следниот начин:

1) под реден број 18 во колоната 3 се запишува износот од редниот број 20 од образецот РЗ – 1;

2) под ред. бр. 19, 26 и 27 во колоните 3 до 5 не се запишува ништо;

3) под реден број 20 во колоната 3 се запишува последната состојба запишана под ред. бр. 2 до 13 на крајот од пресметковниот период во образецот РЗ – 1, намалена за износот на состојбата од контото 638, што е содржан во последната состојба;

4) секој износ од колоната 3 под ред. бр. 18 и 20 се дели со нивниот збир под реден број 21 а коефициентот се запишува во колоната 4 на пет децимали;

5) под реден број 21 во колоната 5 се запишува износот од редениот број 28 од образецот РЗ – 1 и се множи со коефициентите од колоната 4 под ред. бр. 18 и 20 а производот, под соодветните редни броеви, се внесува во колоната 5;

6) под ред. бр. 24 и 28 се запишуваат затечените состојби на соодветните конта;

7) под ред. бр. 25 и 29 се запишуваат износите добиени со пресметување од претходните редни броеви дадени во заградите по описот во колоната 2 што се книжат во корист на ревалоризационите приходи, а врз товар на соодветните конта (во случај на негативни вредности – со сторнирање на дотогашните книжења со метода на црвено сторно).

Обрасците РЗ – 1 и РЗ – 2 од ст. 1 и 2 на овој член не се пополнуваат ако во ниеден пресметковен период во текот на годината немало ни почетно ни завршно салдо на контата од групите 18, 60 и 63.

Корисникот на општествени средства може да ги ревалоризира залихите затекнати на состојбата на крајот од пресметковниот период и во помал износ од износот утврден според одредбите на ст. 1 и 2 на овој член. Ова намалување се евидентира во образецот РЗ – 2 во колоната 5 така што за износот на намалувањето се зголемува износот под редниот број 18, а се намалува износот под редниот број 20 на тој образец.

Член 36а

Корисникот на општествени средства кој врши ревалоризација на производството и готовите производи по одделни носители на трошоците, во согласност со одредбата на член 35 став 8 од Законот за вкупниот приход и доходот, за секој носител на трошоците изработува одвоени обрасци РЗ – 1 и РЗ – 2.

Член 11

Во називот на одделот по член 36а бројот: „VII" се заменува со бројот: „VIII".

Член 12

Во називот на одделот по член 37 бројот: „VIII" се заменува со бројот: „IX".

Член 13

Во член 38 зборовите: „член 28. ст. 2 и 3" се заменуваат со зборовите: „член 28 ст. 3 до 5 и ст. 7 до 9 и на член 130 ст. 1 до 3 и ст. 5 и 7", а зборовите: „и „Пресметка на контролната ревалоризација" (образец РК – 2), се заменуваат со запирка и со зборовите: „Пресметка на полната ревалоризација по дадените-примените динарски кредити и пласмани" (образец РК – 2), „Пресметка на нето-ефектите на курсните разлики по дадените долгорочни девизни кредити и пласмани во однос на ефектите на ревалоризацијата" (образец РК – 2), „Пресметка на нето-ефектите на курсните разлики по примените долгорочни девизни кредити и пласмани во однос на ефектите на ревалоризацијата" (образец РК – 4) и „Пресметка на контролната ревалоризација на средства" (образец РК – 5)".

По став 1 се додава став 2, кој гласи:

„Обрасците од став 1 на овој член ги пополнуваат сите корисници на општествени средства, без оглед на тоа дали се во обврска да вршат контролна ревалоризација."

Член 14

Во член 39 став 1 зборовите: „член 28" се заменуваат со зборовите: „член 38".

Во став 2 точка 2 зборовите: „контата 900 и 901" се заменуваат со зборовите: „контата од групата 90".

Член 15

Членот 40 се менува и гласи:

„Во заглавјето на образецот РК – 2 корисникот на општествени средства го прецртува зборот: „дадени" или зборот: „примени" зависно од тоа дали корекција на контролната ревалоризација врши според одредбите на член 130 став 7 од Законот за вкупниот приход и доходот за користените туѓи средства за кои не е должен да ги врати во ревалоризиран износ, или според одредбите на член 130 став 5 алинеја 1 од истиот закон за пласираните сопствени средства пред 1 јануари 1987 година, по кои не обезбедил полна ревалоризација.

Образецот РК – 2 се пополнува на следниот начин:

1) во колоната 2 во случајот од член 130 став 5 прва алинеја од Законот се запишуваат поединечно броевите и називите на сите пласирани средства пред 1 јануари 1987 година, со каматна стапка што не се изедначува со полната ревалоризациона стапка, со тоа што кога такви поединечни пласмани има повеќе од пет со еднакви периоди на пресметка односно на наплата и со еднакви договорени каматни стапки, може да се запише и нивниот збир, додека во случајот од член 130 став 7 во оваа колона се запишуваат поединечно боревите и називите на сите користени средства добиени на користење од други корисници на општествени средства, освен тековните обврски спрема добавувачите, а ако такви поединечни користени стедства има повеќе од пет со еднакви периоди на пресметка односно на наплата и со еднакви договорени каматни стапки може да се запише нивниот збир;

2) во колоната 3 се запишува договорениот период на пресметка односно наплата на каматата (на пр. „1 месец", „6 месеци" и сл.);

3) во колоната 5 се запишува состојбата на поединечниот кредит односно пласман на крајот на пресметковниот месец;

4) во колоната 6 се запишува годишната каматна односно ревалоризациона стапка по обврските односно по

побарувањата запишани во колоната 2, утврдени со самоуправна спогодба односно со договор или закон, а ако не е договорена пресметка на каматата ниту ревалоризација, се запишува нула;

5) во колоната 7 се запишува годишната стапка на полната ревалоризација што се пресметува од просечниот месечен коефициент на растежот на цените на мало од член 40а точка 2 на Законот за вкупниот приход и доходот;

6) во колоните 8, 11 и 12 се запишуваат износите добиени со пресметување од податоците од претходните колони на начинот даден во заградите во заглавјето на тие колони, со тоа што износите во тие колона можат да имаат и негативна вредност, кога се означуваат со знакот „–" и со заокружување;

7) во колоната 9 се запишува конформната годишна стапка пресметана од разликата на стапките во колоната 8 и од периодот на пресметката од колоната 3 (на пример за разликата на стапките од 80% за тримесечната пресметка конформната годишна стапка изнесува 63,32%, а за полугодишната 68,33%), со тоа што се запишува истиот предзнак и се заокружува на ист начин како во колоната 8;

8) во колоната 10 се запишува збирот на каматните броеви за пресметковниот месец по обврските и побарувањата запишани во колоната 2, што се добива така што бројот на деновите на ангажирање на тие обврски односно побарувања во пресметковниот месец се множи со нивниот износ.

Износите утврдени во колоната 12 под реден број 9 во месецот за кој се поднесува периодична пресметка односно завршна сметка, ако се поголеми од нула, т. е. ако се позитивни се внесуваат во колоната 3 на образецот РК-5 под реден број 16, односно под реден број 20."

Член 16

По член 40 се додаваат нови чл. 40а, 40б и 40в, кои гласат:

„Член 40а

Образецот РК-3 се пополнува на следниот начин:

1) во колоната 2 се запишуваат ознаките и називите на сите одделни дадени долгорочни девизни кредити, по кои на почетокот од тримесечјето има побарувања;

2) во колоната 3 се запишуваат ознаките односно шифрите на валутите во кои се искажани побарувањата внесени во колоната 2;

3) во колоната 4 се запишуваат позитивните а во колоната 5 негативните курсни разлики по побарувањата внесени во колоната 2, пресметани во тримесечјето за кое се прави пресметката, без курсните разлики пресметани во поранешните тримесечја од истата деловна година;

4) во колоната 6 односно 7 се запишува коефициентот на побавниот односно на побрзиот растеж на курсот на одделна валута, внесени во колоната 3, од коефициентот на ревалоризацијата што се објавува во согласност со одредбата на член 40а точка 1 од Законот за вкупниот приход и доходот;

5) во колоните 8 и 9 се запишуваат износите добиени со пресметување од претходните колони на начинот даден во заградите во заглавјето на тие колони.

Член 40б

Образецот РК-4 се пополнува во колоните 1 до 9 како образецот РК-3, освен што во колоната 2 се запишуваат називите за примените и користените долгорочни девизни средства, додека во колоните 10 и 11 се препишуваат износите од колоните 8 и 9 што се однесуваат на девизните обврски за основни средства.

Под реден број 12 се запишуваат износите од соодветните колони на образецот РК-3 за истото тримесечје, а под реден број 13 – износите од соодветните колони под реден број 15 од образецот РК-4 пресметан за претходното тримесечје на истата деловна година.

Под ред. бр. 14 и 15 се запишуваат износите добиени на начинот даден во заградите во колоната 2.

Корисникот на општествени средства може да одлучи да состави пресметка на образецот РК-4 секој месец, со тоа што под реден број 13 да не ги внесува податоците од претходнат амесечна или двомесечна пресметка туку податоците од претходната тримесечна пресметка.

Член 40в

Образецот РК-5 го пополнуваат сите корисници на општествени средства, вклучувајќи ги и оние кои според одредбите на Законот за вкупниот приход и доходот не се во обврска да вршат контролна ревалоризација.

Образецот РК-5 се пополнува на следниот начин:

1) ред. бр. 1, 2, 5, 6, 7, 8, 14, 15, 16, 19, 20, 26, 29, 36, 39, 43, 45, 50, 51, 56, 57, 58, 59, 60, 62, 64, 66 и 68 се пополнуваат според описот во колоната 2;

2) ред. бр. 3, 4, 9, 10, 12, 13, 17, 18, 21, 22, 23, 24, 25, 27, 28, 34, 35, 37, 38, 40, 41, 42, 44, 46, 47, 48, 49, 52, 53, 55, 61, 63, 65, 67, 69, 70, 71, 72 и 73 се пополнуваат на начинот даден во заградите во колоната 2;

3) ред. бр. 3 и 4, 9 и 10, 12 и 13, 17 и 18, 24 и 25, 27 и 28, 37 и 39, 40 и 41, 46 и 47 и 48 и 49 не можат да бидат истовремено пополнети;

4) под реден број 11 се запишува, по завршната сметка, коефициентот на растежот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на тековната година до крајот на пресметковниот период;

5) под реден број 30 се запишува, најмногу до износот под реден број 29, пренесеното почетно салдо на ревалоризационите резерви од контото 290 на почетокот од годината што не влегло во салдото под реден број 1;

6) под реден број 31 се запишува, најмногу до износот под реден број 29 намалено за изнесот под реден број 30, салдото на контото 950 (резервен фонд);

7) под реден број 32 се запишува, најмногу до износот под реден број 29 намалено за износите под ред. бр. 30 и 31 салдото на контото 965 (фонд за унапредување на материјалната основа на трудот);

8) под реден број 33 се запишува, најмногу до износот под реден број 29 намален за износите под ред. бр. 30 до 32, збирот на салдата од контата 900 и 901 (деловен фонд);

9) под реден број 54 се искажува побарувачкото салдо на контото 293 (пресметани курсни разлики) по извршените затворања со контото 193.

По пополнувањето на образецот РК-5 по периодичните премсетки и завршната сметка, износите од ред. бр. 40, 41, 46 и 47 на тој образец се книжат врз товар на соодветните конта на ревалоризационите трошоци од колоната 2 под тие редни броеви со одобрување на ревалоризационите приходи, при што кај корисниците кои не се должни да вршат контролна ревалоризација не можат да се јават износите под ред. бр. 43 до 47.

Во текот на пополнувањето, односно по завршеното пополнување на образецот РК-5 само по завршната сметка се вршат следните книжења:

1) износот под реден број 22 се книжи кај корисникот на општествени средства на кого му се отстапуваат туѓи ревалоризациони приходи во корист на контото 290, а врз товар на контото 168 (други побарувања од односите во РО) аналитички по организациите што ги отстапиле приходите, додека соодветни делови на тој износ во организациите кои отстапуваат дел од своите ревалоризациони приходи на реден број 26 се книжиат врз товар на контото 190, а во корист на контото 268 (други обврски од односите во ОЗТ) при што обврските и побарувањата (по тој основ) втасуваат последниот ден од годината за која се составува завршна сметка, а во рок од три месеци од рокот за поднесување на завршната сметка, во согласност со самоуправната спогодба, мораат да се пренесат во готово или да се одобрат со здружени средства;

2) износот под реден број 31 се книжи врз товар на контото 950, а во корист на контото 290;

3) износот под реден број 32 се книжи врз товар на контото 965, а во корист на контото 290;

4) износот под реден број 33 се книжи во соодветни делови врз товар на контата 900 и 901, а во корист на контото 290;

5) износот под реден број 36 и се припишува на набавната вредност на соодветни основни средства што се набавени од девизни кредити врз товар на соодветните конта од групата 00 и 01, а во корист на контото 290;

6) износот под реден број 71 се книжи врз товар на контото 293, а во корист на контото 290;

7) по извршените книжења на износите од точ. 1 до 6 на овој став, разликата од ред. бр. 72 над износите што мораат како салдо да останат на контата 190 односно 290, според ред. бр. 65 и 70 на образецот РК-5, корисникот на

општествени средства му ја одобрува на деловниот фонд (на контото 901) врз товар на ревалоризационите расходи (конто 190). Тој износ не може да биде поголем од збирот на износите од редниот број 17 на образецот РК-5 и на износите на почетната состојба на контото 290 на почетокот од претходната година;

8) со закучните книжења со одобрување на контото 190 и со задолжување на контото 290 се гасне едно од тие две конта, додека на другото треба да остане салдото утврдено според одредбите на точка 5 односно 6 од овој став.

По иcлучок од одредбата на став 4 точ. 7 и 8 на овој член, пред да му се одобри на деловниот фонд утврдениот износ по завршната сметка за 1987 година, корисникот на општествени средства може да ја покрие утврдената загуба до износот утврден под реден број 62 на образецот РК-5 врз товар на револаризационите расходи.

По исклучок од одредбата на став 4 точ. 7 и 8 на овој член корисниците на општествени средства кои не се должни да вршат контролна ревалоризација во деловниот фонд го внесуваат износот од редниот број 72 намален за износот од редниот број 65.

Корисниците на општествени средства кај кои сопствените фондови од член 39 став 2 на овој правилник се сопственост на други корисници на општествени средства не можат да ги пополнуваат ниту книжат износите од ред. бр. 31 до 33 на образецот РК-5 ниту во деловниот фонд можат да внесуваат помалку од износот на ревалоризацијата на основните средства, при што износите што недостигаат од образецот РК-5 ги надоместуваат врз товар на вкупниот приход односно на контото 482.

Член 17

По член 40в се додава нов оддел и нови чл. 40г, 40д, 40ѓ и 40е, кои гласат:

„X. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА КАЈ ОДДЕЛНИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА

Член 40г

Корисниците на општествени средства кои не се должни да вршат ревалоризација на суровините и материјалите, вршат ревалоризација на ситниот инвентар, автогумите и амбалажата.

Член 40д

Корисниците на општествени средства на кои им е дозволено делумно намалување на одделни видови ревалоризација, ги пресметуваат тие ревалоризации во целост, а намалување вршат пред книжењето.

Член 40ѓ

Банката и друга финансиска организација врши ревалоризација на фондовите на банката до нивната полна ревалоризација привремено по периодичните пресметки во текот на годината и за тоа ги известува вложувачите во фондовите, а по завршната сметка ги известува конечно, со издавање на соодветна документација, за распоредот на средствата на ревалоризацијата на вложувачите.

Распоредениот дел на средствата кај вложувачте ги сочинува ревалоризационите приходи.

Член 40е

Ревалоризација, според одредбите на член 130 став 6 од Законот за вкупниот приход и доходот, вршат организациите од областа 12, 13 и 14 утврдени со Одлуката за единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/76, 62/77, 72/80, 77/82, 71/83, 68/84, 76/85, 28/86 и 72/86)."

Член 18

Во називот на одделот по член 40е бројот: „IX" се заменува со бројот: „XI".

Член 19

Чл. 47 до 50 се бришат.

Член 20

Во образецот РОС-1 во клоната 2 под реден број 2 бројот: „007", се брише, под реден број 3, заградата и зборовите: „без 027" ќе бришат, а под реден број 6 бројот: „015" се заменува со бројот: „016", а зборовите: „и делот 016" се бришат.

Во колоната 3 под реден број 3 на крајот се додаваат запирка и зборовите: „клучувајќи ја пресметаната амортизација во текот на годината", а под реден број 6 запирката и зборовите: „без основачките вложувања" се бришат.

Во образецост РОС-2 во колоната 2, под реден број 28 зборовите: „надовар од употреба" се бришат.

Член 21

Во образецот РЗ-1 во колоната 2 под ред. бр. 19 и 20 зборовите: „без ревалоризација" се бришат, под реден број 24 зборовите: „пет децимали (22 × 23) (или коефициентот од редниот број 22 од колоната 5 на образецот РЗ-5 ако е понизок)" се заменуваат со зборовите: „три децимали (број на месеците во пресметковниот период × 23)", под реден број 25 зборот: „состојбата" се брише, а бројот: „18" се заменува со бројот: „19", и под реден број 26 зборовите: „Ревалоризација на употребените залихи (20 × 24)" се заменуваат со зборовите: „Почетна состојба на ревалоризацијата на залихите."

Во образецот РЗ-2 во колоната 2 под реден број 4 зборовите: „ревалоризација и" се бришат, под реден број 18 зборовите: „и залихи на готови производи без ревалоризација" се заменуваат со зборовите: „односно готови производи", под реден број 19 по бројот: „608" се додаваат зборовите: „со разграничениот дел на доходот", под реден број 20, по бројот: „638" се додаваат зборовите: „со разграничениот дел на доходот" и под реден број 21 зборот: „и" се заменува со зборот: „односно".

Образецот РЗ-5 се брише.

Член 22

Образецот РК-2 се заменува со обрасците РК-2 од РК-5 што се составен дел на овој правилник.

Член 23

Овој правилник се применува и на изработката на завршната сметка за 1987 година, освен на одредбите на чл. 1, 2 и 4 од овој правилник.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член корисникот на општествени средства може да одлучи наместо одредбите на чл. 10 и 21 од овој правилник, при изработката на завршната сметка за 1987 година, да ги примени одредбите на чл. 23 до 36а од Правилникот за начинот на пресметување на ревалоризацијата на средствата („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/87 и 68/87).

Член 24

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-15584/1
31 декември 1987 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Светозар Рикановиќ**, с. р.

РК–2

СОЗТ ______________________________

РО ______________________________

ООЗТ ______________________________

## ПРЕСМЕТКА
## НА ПОЛНАТА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА ПО ДАДЕНИ – ПРИМЕНИ ДИНАРСКИ КРЕДИТИ И ПЛАСМАНИ ЗА ПЕРИОДОТ

ОД 1 ______________ ДО ______________ 19____ ГОДИНА

(се пополнува само на крајот на секое тримесечје)

| Реден број | Број и назив на кредито – пласманот | Период на пресметката односно на наплатата | Месец во тримесечјето | Состојба на кредитот кон крајот на месецот | Договорена стапка | Полна ревалоризациона стапка | Разлика на ревалоризационите стапки (7 – 6) | Конформна годишна стапка од разликата на каматните стапки за периодот на пресметката на две децимали | Збир на каматните броеви | Конформен дивизор за периодот на пресметката на три децимали (36500:9) | Разлика до полната ревалоризација (10:11) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 1 | | | I | | | | | | | | |
| | | | II | | | | | | | | |
| | | | III | | | | | | | | |
| 2 | | | I | | | | | | | | |
| | | | II | | | | | | | | |
| | | | III | | | | | | | | |
| 3 | | | I | | | | | | | | |
| | | | II | | | | | | | | |
| | | | III | | | | | | | | |
| 4 | | | I | | | | | | | | |
| | | | II | | | | | | | | |
| | | | III | | | | | | | | |
| 5 | | | I | | | | | | | | |
| | | | II | | | | | | | | |
| | | | III | | | | | | | | |
| 6 | | | I | | | | | | | | |
| | | | II | | | | | | | | |
| | | | III | | | | | | | | |
| 7 | | | I | | | | | | | | |
| | | | II | | | | | | | | |
| | | | III | | | | | | | | |
| 8 | Износ од колоната 12 под ред. бр. 9 од претходната пресметка во иста година | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – |
| 9 | ВКУПНО (1 до 8) | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – |

Составил: ______________ Контролирал: ______________ Заверил: ______________

РК 3

СОЗТ ______________________

РО ______________________

ООЗТ ______________________

## ПРЕСМЕТКА

### НА НЕТО-ЕФЕКТИТЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО ДАДЕНИ ДОЛГОРОЧНИ ДЕВИЗНИ КРЕДИТИ И ПЛАСМАНИ ВО ОДНОС НА ЕФЕКТИТЕ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1. __________ ДО __________ 19____ ГОДИНА

(се пополнува на крајот на секое тримесечје)

| Реден број | Број на контото и назив на кредитот, односно пласманот | Шифра на валутата | Позитивни курсни разлики пресметани во тримесечјето | Негативни курсни разлики пресметани во тримесечјето | Коефициент на побавниот растеж на курсот од коефициентот на ревалоризацијата | Коефициент на побрзиот растеж на курсот од коефициентот на ревалоризацијата | Позитивен ефект на контролната ревалоризација (4 × 7) | Негативен ефект на контролната ревалоризација(4 × 6)- или (5 + состојбата на кредитот × коефициентот на ревалоризацијата) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | |
| 15 | | | | | | | | |
| 16 | | | | | | | | |
| 17 | ВКУПНО (1 до 16) | | | | | | | |

Составил: ______________ Контролирал: ______________ Заверил: ______________

РК-4

СОЗТ ______________________________

РО ______________________________

ООЗТ ______________________________

# ПРЕСМЕТКА

## НА НЕТО-ЕФЕКТИТЕ НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ ПО ПРИМЕНИ ДОЛГОРОЧНИ ДЕВИЗНИ КРЕДИТИ И ПЛАСМАНИ ВО ОДНОС НА ЕФЕКТИТЕ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1. ____________ ДО ___ 19___ ГОДИНА

(се пополнува на крајот на секое тримесечје)

| Реден број | Број на контото и назив на кредитот односно пласманот | Шифра на валутата | Позитивни курсни разлики пресметани во тримесечјето | Негативни курсни разлики пресметани во тримесечјето | Коефициент на побавниот растеж на курсот од коефициентот на ревалоризацијата | Коефициент на побрзиот растеж на курсот од коефициентот на ревалоризацијата | Позитивен ефект на контролната ревалоризација 5 или (4 × 6) | Негативен ефект на контролната ревалоризација (4 × 7) | Намалување на набавната вредност на основните средства (дел 8) | Зголемување на набавната вредност на основните средства (дел 9) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1 | | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | | | |
| 12 | Пренос од образецот РК-3 | – | | | – | – | | | | |
| 13 | Пренос од редниот број 14 од претходната пресметка во истата година | | | | – | – | | | | |
| 14 | Вкупно (1 до 13) | | | | – | – | | | | |
| 15 | Салдо – максимално можно намалување на контролната ревалоризација (колона 9-колона 8)>0 и максимално можно зголемување на набавната вредност на основните средства (колона 11-колона 10)>0 | | | | – | – | | | | |

Составил: ______________ Контролирал: ______________ Заверил: ______________

РК-5

СОЗТ ______________________

РО ______________________

ООЗТ ______________________

# ПРЕСМЕТКА
## НА КОНТРОЛНАТА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1. ЈАНУАРИ ДО ______ 19____ ГОДИНА

(се пополнува само при периодичните пресметки и завршните сметки)

| Реден број | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | Ревалоризациони приходи (конто 290 без пренесената состојба од поранешните години и пренесените приходи од други ОЗТ според член 28 став 7 на Законот, намалено за износите прокнижени на контата 481 и 482) | |
| 2 | Ревалоризациони расходи (конто 190 без пренесената состојба од поранешните години) | |
| 3 | Вишок на ревалоризационите приходи пред оваа пресметка (1-2) ≥ 0 | |
| 4 | Вишок на ревалоризационите расходи пред оваа пресметка (2-1) ≥ 0 | |
| 5 | Трајни извори на сопствени деловни средства на сопствено користење (позитивен износ од ред. бр. 15 колона 9 од образецот РК-1) | |
| 6 | Кусок на трајни извори на сопствени деловни средства (негативен износ од ред. бр. 15 колона 9 од образецот РК-1) | |
| 7 | Сегашна вредност на земјиштето пред извршената ревалоризација (се пополнува само по завршната сметка) | |
| 8 | Сегашна вредност на шумите пред извршената ревалоризација (се пополнува само по завршната сметка) | |
| 9 | Остаток на трајни извори на сопствени деловни средства (5-7-8) ≥ 0 | |
| 10 | Кусок на остаток на трајни извори на сопствени деловни средства (6+7+8) - ако е пополнет ред. бр. 6 или (7+8-5) ≥ 0 - ако е пополнет ред. бр. 5 | |
| 11 | Коефициент на ревалоризација од член 40 став 1 точка 1 на Законот | |
| 12 | Ревалоризација на остатокот на трајни извори на сопствени деловни средства (9 × 11) | |
| 13 | Ревалоризација на кусокот на остатокот на трајни извори на сопствени деловни средства (10 × 11) | |
| 14 | Извршена ревалоризација на земјиштето (се пополнува само по завршната сметка) | |
| 15 | Извршена ревалоризација на шумите (се пополнува само по завршната сметка) | |
| 16 | Ревалоризација на примените кредити според 130 став 7 од Законот (износ од ред. бр. 9 колона 12 од образецот РК-2 за примени кредити и пласмани) | |
| 17 | Позитивна контролна ревалоризација пред намалувањето (12+14+15+16) - ако е пополнет ред. бр. 12 или (14+15+16-13) ≥ 0 - ако е пополнет ред. бр. 13 | |
| 18 | Негативна контролна ревалоризација пред намалувањето (13-14-15-16) ≥ 0 | |
| 19 | Намалување на контролната ревалоризација за курсните разлики според член 28 став 4 од Законот (износ од ред. бр. 15 колона 9 од образецот РК-4) | |
| 20 | Намалување на контролната ревалоризација за порано дадените кредити според член 130 став 5 алинеја прва од Законот (износ од ред. бр. 9 колона 12 од образецот РК-2 за дадени кредити и пласмани) | |
| 21 | Вкупно намалување на контролната ревалоризација (19 + 20) | |
| 22 | Зголемување на ревалоризационите приходи за покривање на намалувањето на контролната ревалоризација од страна на други ОЗТ од составот на иста РО или СОЗТ (не поголемо од ред. бр. 21) | |
| 23 | Реално намалување на контролната ревалоризација (21-22) | |
| 24 | Позитивна контролна ревалоризација (17-23) ≥ 0 | |
| 25 | Негативна контролна ревалоризација (23-17) ≥ 0 - ако е пополнет ред. бр. 17 или (17+23) - ако е пополнет ред. бр. 18 | |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 26 | Зголемување на ревалоризационите расходи на покривање на намалувањето на контролната ревалоризација во други ОЗТ од составот на иста РО или СОЗТ (ред. бр. 22 и 26 треба да се еднакви во зирот за СОЗТ-РО) | |
| 27 | Коригиран вишок на ревалоризационите приходи (3+22-26)≥ 0 - ако е пополнет ред. бр. 3 или (22-4-26)≥ 0 - ако е пополнет ред. бр. 4 | |
| 28 | Коригиран вишок на ревалоризационите расходи (26-3-22)≥ 0 - ако е пополнет ред. бр. 3 или (4-22+26)≥ 0 - ако е пополнет ред. бр. 4 | |
| 29 | Потребно покривање на ревалоризационите расходи (помал од износот од ред. бр. 25 и 28) | |
| 30 | Намалување на пренесената состојба на ревалоризационите резерви од поранешните години за покривање на ревалоризационите расходи | |
| 31 | Намалување на резервниот фонд за покривање на ревалоризационите расходи | |
| 32 | Намалување на фондот за унапредување на материјалната основа на трудот за покривање на ревалоризационите расходи | |
| 33 | Намалување на деловниот фонд за покривање на ревалоризационите расходи | |
| 34 | Зголемување на ревалоризационите приходи за покривање на ревалоризациниte расходи(30+31+32+33)≷ 29 | |
| 35 | Непокриен дел од ревалоризационите расходи (29-34) | |
| 36 | Износ на зголемувањето на набавната вредност на основните средства (помал од износот од ред. бр. 35 на овој образец и од износот од ред. бр. 15 колона 11 од образецот РК-4) | |
| 37 | Невозможност за покривање на ревалоризационите расходи (35–36)≥ 0 | |
| 38 | Ревалоризациони расходи за трошоци (28-29+37) | |
| 39 | Состојба на контото 481 пред оваа пресметка | |
| 40 | За докнижување на контото 481 (38-39)≥ 0 | |
| 41 | За сторнирање од контото 481 (39-38)≥ 0 | |
| 42 | Ревалоризациони резерви (27-24)≥ 0 | |
| 43 | Обрвска за товарење на контото 482 по основ на непокриените ревалоризациони расходи од претходната година | |
| 44 | Реално товарење на контото 482 (43-42)≥ 0 | |
| 45 | Состојба на контото 482 пред оваа пресметка | |
| 46 | За докнижување на контото 482 (44-45)≥ 0 | |
| 47 | За сторнирање од контото 482 (45-44)≥ 0 | |
| 48 | Остаток за ревалоризациони резерви (42-43)≥ 0 | |
| 49 | Недоволен вишок на ревалоризациони приходи (24-27)≥ 0 | |
| 50 | Пренесена состојба на ревалоризационите резерви од претходната година | |
| 51 | Почетна состојба на ревалоризационите резерви во претходната година | |
| 52 | Максимален износ на ревалоризационите резерви во наредната година (50-51)≥ 0 | |
| 53 | Вишок на ревалоризациони приходи (27+44+49)≥ 0 | |
| 54 | Можно зголемување на ревалоризационите приходи од разграничените позитивни курсни разлики | |
| 55 | Слободен вишок на ревалоризациони приходи (50+53+54–30) | |
| 56 | Искажана загуба во текот на изработката на пресметката | |
| 57 | Состојба на контото 409 | |
| 58 | Состојба на контото 438 | |
| 59 | Состојба на контото 480 | |
| 60 | Состојба на контото 728 | |
| 61 | Елиминирање на инфлаторниот дел на доходот (57+58+59+60) | |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 62 | Можно покривање на загубата врз товар на ревалоризационите расходи (најмали од износите од ред. бр. 55, 56 и 61 на овој образец - за банките од износите од ред. бр. 55 и 56 на обој образец) | |
| 63 | Неискористен износ на ревалоризационите резерви (48+50-30-62) ≥ 0 | |
| 64 | Износ на ревалоризацијата на авансите примени пред 1. јануари 1987. година | |
| 65 | Пренесување на ревалоризационите расходи во наредната година [(40-63-64) ≥ 0] + [(62+64-55) ≥ 0] | |
| 66 | Искористени ревалоризациони резерви за недоволен вишок на ревалоризационите приходи во пресметковниот период (помал од износите на ред. бр. 49 и 63) | |
| 67 | Неискористен дел на пренесените ревалоризациони резерви (50-30-62-66) ≥ 0 | |
| 68 | Задружување во ревалоризационите резерви на пренесените износи (помал од износите на ред. бр. 52 и 67) | |
| 69 | За пренос во деловниот фонд (67-68) | |
| 70 | Ревалоризациони резерви (50+53-17-30-62-69) ≥ 0 | |
| 71 | Зголемување на ревалоризационите приходи од разграничените позитивни курсни разлики (17+30+62+69-50-53) ≥ 0, но не повеќе од износот од ред. бр. 54 | |
| 72 | За пренос во деловниот фонд односно во фондот на банката (27+44+50+65+71-30-62-70) | |
| 73 | За пренос во деловниот фонд кај корисниците на општествени средства што не се должни да вршат контролна ревалоризација (64+72-65) | |

НАПОМЕНА: Ред. бр. 55 до 62 се пополнуваат само при изработката на завршната сметка за 1987 година, а кај банките и другите финансиски организации - и во 1988 година

Овој образец претставува документ за книжење, при што износите од ред. бр. 40, 41, 46 и 47 се книжат и по периодичните пресметки и по завршната сметка, а износите од ред. бр. 22, 26, 30, 31, 32, 33, 36, 70 и 72 односно 73 само по завршната сметка, по што на контото 190 останува салдото од редниот број 65, а на контото 290 - од редниот број 70 на овој образец.

Обработил: Контролирал: Заверил:

**33.**

Врз основа на член 12 од Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства за потрошувачка („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/87 и 87/87), сојузниот секретар за финансии пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЧИСТИ ЛИЧНИ ДОХОДИ, ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОТРОШУВАЧКА И ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО И ЗА НАЧИНОТ НА СОСТАВУВАЊЕ ПРЕСМЕТКА НА СРЕДСТВАТА И ДОСТАВУВАЊЕ ДО СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за чисти лични доходи, за заедничка потрошувачка и за опрделени трошоци на работењето и за ничинот на составување пресметка на средствата и доставување до Службата на општественото книговодство („Службен лист СФРЈ", бр. 76/87 и 80/87), во член 10 став 1 во уводната реченица зборовите: „посебно за 1987 година, а посебно за 1988 година" се бришат.

Во точка 1 по зборовите: „во пензија" се додаваат запирка, и зборовите: „регрес за годишен одмор на работниците, јубилејни награди, подароци на деца за Денот на детската радост и помош на работниците, пензионерите и на семејствата на умрени работници";

Во точка 4 по зборовите: „во пензија" се додаваат запирка и зборовите: „регрес за годишен одмор на работниците, јубилејни награди, подароци на деца за Денот на детската радост, помош на работниците, пензионерите и на семејствата на умрени работници".

Во точка 6 во заградата зборовите: „1 октомври до 31 декември 1987 година" се заменуваат со зборовите: „1 ноември 1987 година до 31 јануари 1988 година".

Во точка 7 зборовите: „во периодот за кој се составува пресметка" се заменуваат со зборовите: „од 16 ноември 1987 година до денот на составувањето на пресметката".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-703/1
14 јануари 1988 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Светозар Рикановиќ**, с. р.

**34.**

Врз основа на член 11 од Законот за обезбедување обртни средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/84 и 9/86), сојузниот секретар за финансии пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СОСТАВУВАЊЕ ПРЕСМЕТКА НА ОБРТНИТЕ СРЕДСТВА И НА ИЗВОРИТЕ НА ОБРТНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во образецот ОБС – Пресметка на обртните средства и на изворите на обртни средства со состојба на ________ 19______ година, што е отпечатен кон Правилникот за начинот на составување пресметка на обртните средства и на изворите на обртни средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/84, 37/84, 37/85, 54/85 и 72/87) и претставува негов составен дел, под редниот број 6, во колона 3, по бројот 965 се додаваат зборовите: „и 290 минус 190".

Под редниот број 14, во колона 3, буквата: „и" се заменува со запирка, а по бројот 890 се додаваат зборовите: „и 190 минус 290".

Под редниот број 23, во колона 2, зборовите: „Вишок на ревалоризациони приходи", се заменуваат со зборовите: „Разграничени позитивни курсни разлики по долгорочни пласмани", а во колона 3 зборовите: „290 минус 190" се заменуваат со зборовите: „дел 293 минус дел 193".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-197/1
4 јануари 1988 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Светозар Рикановиќ**, с. р.

**35.**

Врз основа на член 30 ст. 1 и 3 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија и со сојузниот секретар за народна одбрана, директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ЗА СЕИЗМИЧКО НАБЉУДУВАЊЕ НА ВИСОКИТЕ БРАНИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат техничките нормативи за следење на индукуваната сеизмичност и за собирање на податоци за динамичкото однесување на телата на високите брани, на темелите и земјиштето за време на дејствата на јаки земјотреси и за вградување и одржување на сеизмичка инструментација.

Член 2

Одредбите на овој правилник се применуваат при следењето на индукуваната сеизмичност на сите брани со градежна височина над 40 m, и при набљудувањето на однесувањето на високите брани што се наоѓаат во зоната на VII, VIII и IX степен по MCS скалата во однос на дејството на јаки земјотреси.

Член 3

Како високи брани во смисла на овој правилник се сметаат браните чијашто градежна височина е:

1) поголема од 15 m;

2) помала од 15 m, а поголема од 10 m, ако должината на таа брана по круната на браната е поголема од 500 m, или ако зафатнината на акумулираната вода создадена со таа брана е поголема од 100 000 $m^3$ али ако максималниот проток на водата што се пропушта низ таа брана е поголем од 2 000 $m^3$ во секунда.

Член 4

Долунаведените изрази, во смисла на овој правилник, го имаат следното значење:

1) сеизмичко набљудување за следење на индукуваната сеизмичност е систем за регистрирање на сеизмичката активност на регионот што се јавува како последица од формирањето на водената акумулација;

2) сеизмичко набљудување за собирање на податоци за динамичкото однесување на браната е систем за регистрирање на одговорот на земјиштето, телото на браната и темелот за време на јаки земјотреси:

3) градежна височина на браната е височината на браната што се смета од најниската кота на темелот до највисоката кота.

### II. СЕИЗМИЧКО НАБЉУДУВАЊЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИНДУКУВАНАТА СЕИЗМИЧНОСТ

Член 5

Сеизмичко набљудување за следење на индукуваната сеизмичност мора да се изведе на сите брани чијашто градежна височина е поголема од 40 m.

Член 6

Браната чијашто градежна височина е поголема од 100 m мора да има мрежа од најмалку три сеизмолошки станици лоцирани на теренот околу акумулацијата, од кои едната е трикомпонентна а две еднокомпонентни.

Браната чијашто градежна височина е помала од 100 m, а поголема од 40 m, мора да има најмалку една трикомпонентна сеизмолошка станица која мора да биде поставена во непосредна близина на браната.

Член 7

На сеизмичкото набљудување пред почетокот на работата мораат да се определат точните локации на станиците, да се изврши избор на инструментите и нивните карактеристики, да се дефинира начинот на инсталирање и постапката за одржување.

Член 8

Инсталирањето на сеизмолошките станици мора да биде завршено најмалку две години пред почетокот на полнењето на акумулациите. Сеизмолошката станица мора да биде во оперативна состојба најмалку пет години од почетокот на полнењето на акумулацијата. Сеизмолошката станица може да се демонтира, ако со анализата на податоците, добиени со набљудувањето на таа станица, се утврди дека таа повеќе не е потребна.

Член 9

Станицата за следење на индукуваната сеизмичност мора да има: сеизмометри, приемник на точно време, регистратор на временски истории, уред за репродукција и анализа на записите со регистратор.

Член 10

Сеизмометрите за регистрирање на брзината или поместувањета на земјиштето претставуваат краткопериодична станица за регистрирање на земјотреси со магнитуда од 1, а помала од 4.

Член 11

Приемникот на точно време обезбедува најдобар прием на сигнали или на кодиран сигнал и мора да содржи податоци за датумот, часот, минутата и секундата.

Сигналот на точно време е заеднички кај сите сеизмометри поврзани во мрежа.

Член 12

Регистраторот мора да обезбеди континуиран запис на временските истории во траење од најмалку 24 часа. Регистрирањето мора да биде такво да овозможува трајно користење на записите на временските истории и да може да се регистрира податокот за точното време на почетокот и крајот на записот.

Член 13

Уредот за репродукција и анализа на записот на временските истории мора да овозможи визуелна интерпретација на записот, прелиминарна обработка и процена на времето.

Член 14

Контролата на станиците мора да овозможи функционирање на сите компоненти од член 10 на овој правилник, на преносните врски и регистраторите, како и калибрација на опсегот на мерењето.

Член 15

Заради набљудување на индукуваната сеизмичност на браните што се наоѓаат на меѓусебна оддалеченост помала од 30 km, се инсталираат по еден систем на станици од една трикомпонентна и по една еднокомпонентна станица за секоја брана.

## III. СЕИЗМИЧКО НАБЉУДУВАЊЕ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ДИНАМИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО, ТЕМЕЛОТ И ТЕЛОТО НА БРАНАТА ЗА ВРЕМЕ НА ЈАКИ ЗЕМЈОТРЕСИ

Член 16

Сеизмичката инструментација за регистрирање на одговорите на земјиштето, темелот и телото на браната на дејството на земјотрес се состои од инструментите поставени на боковите, темелот и телото на браната.

Член 17

За браните чијашто градежна височина е поголема од 60 m, мора да се постави мрежа од најмалку четири инструменти, од коишто еден се поставува во темелот на браната.

За браните чијашто градежна височина е помеѓу 30 и 60 m мора да се постави мрежа од најмалку три инструмента, од кои што еден се поставува во темелот на браната.

За браните чијашто градежна височина е помала од 30 m мора да се постави мрежа од најмалку два инструмента, од коишто еден се поставува во темелот на браната.

Член 18

Сите инструменти за регистрирање на одговорите на земјиштето, темелот и телото на браната на дејството на земјотрес мораат да бидат меѓусебно поврзани.

Член 19

Ако постои опасност од појава на ликвифакција или на активирање на расед што се наоѓа во непосредна близина на браната, за изведувањето на сеизмичко набљудување мора да се изработи посебен проект.

Член 20

Пред поставувањето на инструментацијата мораат да се определат точните локации на инструментите, начинот на поврзување на инструментите и нивното напојување со енергија, како и начинот на инсталирање и одржување на инструментите.

Инструментите за регистрирање на одговорите на телото на браната не смеат да бидат поставени на телото на браната во нулева точка на кој да било од првите пет тонови на вибрации.

Член 21

Инструментите за регистрирање на одговорите на земјиштето, темелот и телото на браната, мораат да имаат трикомпонентен регистратор на временските истории на забрзувањето, сензори на забрзувањето и сеизмички стартер.

Член 22

Трикомпонентниот регистратор на временскдите истории на забрзувањето мора да ги има следните карактеристики:

1) брзина на регистрирањето која мора да обезбеди регистрирање на сите спектрални компоненти во опсег од 0,10 Hz до 33,0 Hz;

2) точност на референтниот сигнал на временската оска + 0,2%,

3) минимална резолуција од 1 : 55;

4) медиум на регистрирањето кој дава можност за активирање.

Член 23

Сензорите на забрзувањето мораат да ги имаат следните карактеристики:

1) динамички опсег од + 1,0 g или + 2,0 g со минимална резолуција од 1:100;

2) фреквентен опсег од 0,10 Hz до 33,0 Hz;

3) најмало придушување 55% од критичното придушување;

4) попречна осетливост помала од 3% од аксијалната осетливост на сензорот.

Член 24

Сеизмичкиот стартер мора да ги има следните карактеристики:

1) правец на осетливоста во вертикален или во сите три ортогонални правци;

2) ниво на активирањето од 0,005 g до 0,01 g со можност за континуирано приспособување;

3) фреквентен опсег од 1,0 Hz до 10,0 Hz.

## IV. ПОСТАВУВАЊЕ НА СЕИЗМИЧКА ИНСТРУМЕНТАЦИЈА

Член 25

Поставувањето на инструменти за регистрирање на одговорите на земјиштето, темелот и телото на браната на дејствата на јаки земјотреси мора да го опфати:

1) подготвувањето и изработката на темелот за вградување на сеизмичките инструменти;

2) доводот на електрична струја за напојување на инструментите и осветление;

3) обезбедувањето на инструментите од можни механички оштетувања.

Член 26

Поставувањето на сеизмички инструменти мора да биде изведено по постапка која ќе обезбеди исправност и оперативност на инструментите.

Триаксијалните сеизмички инструменти на еден објект мораат да имаат иста положба на правците на оските.

Анкерирањето на инструментите мора да обезбеди при оперативната работа на сеизмичките инструменти да се добијат точни и сигурни податоци.

## V. ОДРЖУВАЊЕ НА СЕИЗМИЧКАТА ИНСТРУМЕНТАЦИЈА

Член 27

Постапката за одржување на сеизмичката инструментација за следење на индукуваната сеизмичност мора да биде таква што сеизмичките станици да бидат постојано во оперативна состојба.

Постапката и динамиката на одржувањето на сеизмичката инструментација се определуваат во зависност од видот на опремата и од потребата од анализа на релативните податоци.

Член 28

Постапката за одржување на сеизмичката инструментација за регистрирање на однесувањето на телото на бра-

ната, темелот и земјиштето мора да обезбеди сите инструменти секогаш да бидат во латентна оперативна состојба.

Постапката за одржување мора да ги опфати постапките за техничко одржување и контрола.

Член 29

Постапката за техничко одржување зависи од видот на опремата, а го опфаќа собирањето на податоци од сите редовни и вонредни контроли, промената на резервните делови, собирањето на калибрациони податоци и на податоци за замена на подлогите за регистрирање на податоците.

Постапката за контрола ги опфаќа сите податоци што се неопходни заради комплетна проверка на функционалноста и оперативноста на сеизмичките инструменти.

## VI. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 30

Сеизмичката инструментација за регистрирање на одговорите на телото на браната, темелот и земјиштето, на браните што се изградени пред денот на влегувањето во сила на овој правилник мораат да се усогласат со одредбите на овој правилник во рок од пет години од денот на неговото влегување во сила.

Член 31

Овој правилник влегува во сила по истекот на една година од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-1580/1
8 април 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

**36.**

Врз основа на член 16 став 5 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА МЕРКИТЕ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА ЛЕПТОСПИРОЗА КАЈ ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Заради сузбивање и искоренување на лептоспироза кај животните, се применуваат мерките предвидени со овој правилник.

Член 2

Како заболени од лептоспироза се сметаат животните:

1) кај кои со серолошко испитување на крвта со реакција на микроскопска аглутинација и лиза ќе се утврди титар на антитела од 1:100 и поголем од 1:100 за кој и да е серотип на Leptospira interrogans;

2) кај кои предизвикувач на лептоспироза ќе се изолира од крвта, уринот или од пометнати фетуси односно од нивни трупови и органи;

3) кај кои, при колењето, ќе се утврдат карактеристични патоморфолошки промени, а со дијагностичко испитување ќе се докаже предизвикувач на лептоспироза.

Член 3

На дијагностичко испитување на крвта со реакција на микроскопска аглутинација и лиза подлежат, најмалку еднаш годишно, приплодни говеда, приплодни свињи и приплодни коњи во општествена сопственост.

Приплодни говеда, приплодни свињи и приплодни коњи кај индивидуални држатели подлежат на дијагностичко испитување најмалку еднаш во три години, зависно од епизоотолошката ситуација.

Член 4

Дијагностичко испитување на животни на лептоспироза се врши во специјалистичка ветеринарска организација на здружен труд определана за тоа.

Член 5

Дијагностичко испитување се врши:

1) во случај на пометнување – во рок од 12 часа;

2) во случај на пцовисување на животни што боледувале, со клинички знаци на лептоспироза;

3) ако при колењето на животните се утврдат промени сомнителни на лептоспироза.

Ако резултатот од дијагностичкото испитување е негативен поради пометнувањето на животното, испитувањето ќе се повтори од четиринаесеттиот до дваесет и првиот ден.

Член 6

Во дворот и во објектот во кои е утврдена лептоспироза кај животните ќе се наредат следните мерки:

1) издвојување на заболените животни од здравите;

2) лекување на заболените животни и на сите животни со титрови на антитела пониски од 1:100, со соодветен антибиотик;

3) забрана на движење на заболените животни надвор од заразениот двор односно заразениот објект;

4) дезинфекција и дератизација на заразениот двор односно на заразениот објект, со обврска за отстранување на отпадните води од тој двор односно објект, поправка на канализацијата, на оштетените подови и дренажниот систем и исушување на околината на заразениот двор односно на заразениот објект;

5) контрола на поилиштата заради спречување загадување на бунарите и контрола на системите за напојување во заразениот двор и заразениот објект и во нивната поблиска околина;

6) дезинфекција на бунарите и на системите за напојување со вода;

7) дијагностичко испитување на лептоспироза на сите други животински видови;

8) дијагностичко-серолошко испитување на крвта на сите животни во заразениот двор односно во заразениот објект двапати во растојание од по 21 ден по завршеното лекување и спроведувањето на сите наредени мерки.

Член 7

Во запат во кој е утврдена лептоспироза, шест месеци и по санирањето на болеста, задолжително се врши дијагностичко испитување на 20% од вкупниот број животни на тој запат. Ако резултатот од дијагностичкото испитување е негативен, можат да се пуштат во промет грла за приплод од тој запат без ограничување.

Член 8

Се смета дека лептоспирозата во заразениот двор односно во заразениот објект престанала, ако се извршени сите наредени мерки од член 6 на овој правилник, ако е извршена завршна дезинфекција и ако од таа дезинфекција поминал 21 ден.

Член 9

За извршените мерки што се предвидени во член 6 од овој правилник, до органот надлежен за рботи на ветеринарството на републиката односно на автономната покраина се доставуваат следните податоци: назив на општината, место, име или назив на држателот на животно, видови животни што се подложени на дијагностичко испитување, ознаки на животните, резултат од дијагностичкото испитување и лек што е користен во заразениот двор односно во заразениот објект.

Член 10

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на лептоспироза на животните („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/82).

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/6
26 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вујков**, с. р.

**37.**

Врз основа на член 67 од Законот за заштита од јонизирачки зрачења и за посебни сигурносни мерки при користење на нуклеарната енергија („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/84), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ И УПОТРЕБУВААТ ЗА ИСХРАНА НА ЖИВОТНИ ДОБИТОЧНАТА ХРАНА И СУРОВИНИТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА КРМНИ СМЕСИ ЗА ИСХРАНА НА ЖИВОТНИ ШТО СОДРЖАТ РАДИОАКТИВНИ МАТЕРИИ НАД ОПРЕДЕЛЕНИТЕ ГРАНИЦИ НА АКТИВНОСТ

Член 1

Добиточната храна и суровините за изработка на крмни смеси за исхрана на животни што содржат радиоактивни материи над определените граници на активност, се пуштаат во промет и се користат за исхрана на животни под условот пропишан со овој правилник.

Член 2

Добиточна храна, во смисла на овој правилник, е:

1) свежа кабаста храна (трева, стебленца и лиснати делови на жита и на пеперужни растенија, мешаници на треви и жита и друга зелена маса - силирани жита, силирани пеперужни растенија и мешаници на силирано жито и пеперужни растенија);

2) сува кабаста храна (сено од трева, од жита и од пеперужни растенија, слама, плева, мешунки, лушпи и лисник);

3) концентрирана храна, и тоа:

- за говеда (крави молзници, јуниња во гоење),

- за овци (пораснати овци, јагниња и шилежиња гоење),

- за свињи (спрасни и дојни маторици, вепрови и свињи за гоење),

- за живина (кокошки несилки и бројлери).

Член 3

Суровини за изработка на крмни смеси за исхрана на животни, во смисла на овој правилник, се:

1) зрнести хранива (пченка, пченица, јачмен, 'рж, овес, сирак, просо, соја, добиточен грашок, граорица, бакла, лупина, леќа, наут и зрна од маслодајни култури);

2) хранива од животинско потекло (рибино брашно, месно брашно, крвно брашно, месно-коскено брашно, брашно од пердуви, цимиринки, маст, техничка маст, лој, рибино масло, обрано млеко во прав, казеин и лактоалбумин);

3) сушени растителни производи (брашно од луцерка, брашно од трева, брашно од пченковина, сушени лисја од шеќерна репа, брашно од грашок, брашно од соја и брашно од добиточен кељ);

4) мелнички производи и споредни производи на мелничарството (пченично крмно брашно, 'ржено добиточно брашно, пченични, 'ржени, пченкарни и оризови трици, пченични и пченкарни 'ртулци и пченкарно крмно брашно);

5) споредни производи на индустријата на скроб (пченкарен и пченичен глутен и пченкарен талог);

6) споредни производи на индустријата на алкохол и вриење (исушен крмен квасец - Torula species, Saccharomyces species, исушен пивски квасец, јачмен сладни 'ртулци и исушено комиње);

7) производи на индустријата на шеќер и споредни производи на индустријата на шеќер (суви резанки од шеќерна репа, денатуриран шеќер, меласа на шеќерна репа и на шеќерна трска);

8) споредни производи на индустријата на масло (погачи и сачма од: сончоглед, соја, кикиритки, семки од тикви, маслена репка, семе од афион, семе од лен и семе од сусам; погачи од палмови голушки; погачи и сачма од семе на копра; погачи од про'ртени пченкарни 'ртулци и сачма од пченкарни и пченични 'ртулци).

Член 4

Максимално дозволените граници на активност на биолошки значајни радионуклиди ($^{137}$Cs, $^{90}$Sr) во добиточната храна не смеат да ги преминуваат границите на дозволеното дневно внесување (GDDV) на активност за кабаста добиточна храна Bq/den (Табела 1) и за крмни смеси за исхрана на одделни категории животни - Bq/kg (Табела 2).

Границите на активност на биолошки значајните радионуклиди во суровините што учествуваат во изработката на крмни смеси за исхрана на одделни видови и категории животни, во вкупниот збир не смеат да ги преминуваат максимално дозволените граници на активност за крмни смеси пропишани во Табела 2 од овој правилник.

Табелите 1 и 2 се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Член 5

Кабастата храна и крмните смеси за исхрана на животните можат да се пуштаат во промет и да се користат без ограничување ако контаминацијата со радиоактивни материи е под дозволените граници пропишани во член 4 од овој правилник.

Ако се утврди дека кабастата храна и крмните смеси за исхрана на животните содржат радиоактивни материи над дозволените граници пропишани во член 4 од овој правилник, не можат да се пуштаат во промет и се сметаат за радиоактивно контаминирани односно за радијационо-хигиенски неисправни.

Член 6

Ако во кабастата храна и крмните смеси за исхрана на животни се утврдат биолошки значајни радионуклиди ($^{137}$Cs, $^{90}$Sr) над дозволените граници, се постапува на следниот начин:

а) се применува постапка на разредување, т.е. контаминираната храна се разблажува со неконтаминирана храна или со суровини за изработка на крмни смеси додека не се постигне нивото на активност под максимално дозволеното;

б) се применува постапка на намалување на учеството на одделни суровини или адитиви во крмната смеса, и тоа за онолку проценти колку дозволуваат условите за исхрана на определен вид и категорија на животни.

Член 7

Овој правилник влегува во сила триесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/9
26 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вујков**, с.р.

Граници на дозволеното дневно внесување (GDDV) на активност на радионуклиди ($^{137}Cs$ и $^{90}Sr$) во кабаста добиточна храна

**Табела 1**

| | Кабаста добиточна храна (Bq/den) | |
|---|---|---|
| | $A^{137}Cs$ | $A^{90}Sr$ |
| Молзни крави | 21.000 | 5.250 |
| Јунињa за гоење | 6.800 | 1.700 |
| Овци | 6.000 | 1.500 |
| Јагнињa за гоење | 6.000 | 1.500 |
| Шилежињa за гоење | 6.000 | 1.500 |

Максимално дозволени граници на активност на радионуклиди ($^{137}Cs$ и $^{90}Sr$) во крмни смеси за исхрана на животни

**Табела 2**

| Категории на животни | Крмни смеси (Bq/kg) | |
|---|---|---|
| | $A^{137}Cs$ | $A^{90}Sr$ |
| Молзни крави | 340 | 85 |
| Јунињa за гоење | 138 | 35 |
| Овци | 240 | 60 |
| Јагнињa за гоење | 3.000 | 750 |
| Шилежињa за гоење | 1.200 | 300 |
| Проплодни свињи | 2.100 | 525 |
| Свињи за гоење до 150 дена | 2.730 | 682 |
| Свињи за гоење до 210 дена | 1.500 | 375 |
| Кокошки несилки | 6.000 | 1.500 |
| Бројлери до 30 дена | 12.000 | 3.000 |
| Бројлери од 30 до 45 дена | 10.000 | 2.500 |
| Бројлери од 45 до 60 дена | 6.000 | 1.500 |

**38.**

Врз основа на член 16 став 5 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ5, бр. 43/86), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕРКИТЕ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПЧЕЛИТЕ

Член 1

Заради сузбивање и искоренување на заразни болести на пчелите Pestis avium (во натамошниот текст: американска чума на пчелино легло), Acariasis apium (во натамошниот текст: акароза), Nosemosis (во натамошниот текст: нозeмоза) и Varoosis (во натамошниот текст: вароозa), се применуваат мерките предвидени со овој правилник.

Член 2

Пчелино легло се смета за заразено од американска чума на пчелино легло ако со клинички преглед се утврдат промени карактеристични за таа болест, а со дијагностичко испитување се утврди B. Larvae, како предизвикувач на оваа болест.

Член 3

На дијагностично испитување, кое се врши во специјализирана ветеринарска организација на здружен труд определена за тоа, подлежат сите пчелини заедници за кои ќе се посомнева на зараза од член 2 на овој правилник.

Контролно дијагностично испитување на американска чума на пчелино легло се врши во септември или октомври во сите пчеларници во кои е утврдена таа зараза.

Член 4

Ако во пчеларникот се утврди американска чума на пчелино легло, ќе се наредат следните мерки:

1) затворање на заразениот пчеларник;

2) уништување на сите заразени кошници со неподвижно саќе, заедно со пчелите и саќето;

3) уништување на сите дотраени кошници, без оглед на типот на изработката, заедно со пчелите и саќето;

4) уништување на заразеното саќе и на пчелите од заразените кошници со запалување и закопување, со тоа што приборот и кошниците да се дезинфикуваат;

5) забрана на држење пчелини заедници без матици и спречување роење на пчелите во заразениот пчеларник;

6) дезинфекција на пчеларникот и пчеларскиот прибор што се користи при извршувањето на мерките наредени во заразениот пчеларник со соодветно дезинфекционо средство или, зависно од материјалот, со подгорување.

Член 5

Во сите пчелини заедници, во полупречник од три километри околу заразениот пчеларник, се врши дијагностично испитување на американска чума на пчелиното легло.

Член 6

Се смета дека амариканската чума на пчелино легло во заразениот пчеларник престанала ако се спроведени сите наредени мерки од член 4 на овој правилник. Во тој пчеларник мора да се изврши контролно дијагностично испитување два месеца по спроведувањето на наредените мерки.

Член 7

Се смета дека пчелите се заразени со акароза ако со клинички преглед се утврдат знаци карактеристични за таа болест, а со дијагностичкото испитување се утврди Acarapis Woodi.

Член 8

На дијагностичко испитување на акароза, кое се врши во специјалистичка ветеринарска организација на здружен труд определена за тоа, подлежат, еднаш годишно – до крајот на март, сите пчеларници од кои се пуштаат во промет пчелини заедници, пчелини заедници за одгледување на матици, сите пчелини заедници во оплодните станици и сите пчелини заедници сомнителни на акароза.

Член 9

Ако кај пчелите се утврди акароза, во заразениот пчеларник ќе се наредат следните мерки:

1) забрана на преместување на сите пчелини заедници во полупречник од три километри околу заразениот пчеларник;

2) лекување на сите пчелини заедници внатре во заразениот круг, со соодветен лек;

3) контролно дијагностичко испитување во заразените пчеларници, кое се спроведува следната пролет;

4) затворање на заразениот пчеларник до завршувањето на постапката на лекување.

Член 10

Се смета дека акарозата во заразениот пчеларник престанала ако се спроведени сите наредени мерки од член 9 на овој правилник.

Член 11

Се смета дека пчелите се заразени со нозeмоза ако со клинички преглед се утврдат промени карактеристични за

таа болест, а со дијагностичкото испитување се утврди Nosema apis.

Член 12

На дијагностичко испитување на ноземоза, кое се врши во специјалистичка ветеринарска организација на здружен труд определена за тоа, подлежат, еднаш годино - до крајот на март, сите пчеларници од кои се пуштаат во промет пчелини заедници, пчелини заедници за одгледување на матици, сите пчелини заедници во оплодните станици и сите пчелини заедници сомнителни на ноземоза.

Член 13

Ако кај пчелите се утврди ноземоза со клинички знаци, во заразениот пчеларник ќе се наредат следните мерки:

1) запалување на изразито слаби пчелини заедници;

2) лекување на пчелините заедници со соодветен лек и префрлање на пчелите од заразените кошници во дезинфикувани кошници;

3) затворање на заразениот пчеларник и забрана на промет до завршувањето на лекувањето;

4) дезинфекција со соодветно дезинфекционо средство на кошниците во кои е утврдена ноземоза, на саќето од тие кошници, пчеларскиот прибор и на другите предмети што се користат во заразниот пчеларник;

5) уредување на хигиенски напојувалишта за пчели.

Член 14

Ако со дијагностичко испитување во пчеларникот се утврди Nosema apis без клинички знаци карактеристични за таа болест, ќе се преземе лекување на сите пчелини заедници во тој пчеларник со соодветен лек и ќе се наредат и други мерки предвидени во член 13 на овој правилник.

Член 15

Се смета дека ноземозата во заразениот пчеларник престанала ако се спроведени сите наредени мерки од член 13 на овој правилник.

Член 16

Се смета дека пчелите се заразени со вароозa ако со клинички преглед се посомнева на таа болест, а со дијагностично испитување се утврди Varoa Jacobsony.

Член 17

На дијагностично испитување на варооза, кое се врши во специјалистичка ветеринарска организација на здружен труд определена за тоа, подлежат, еднаш годишно - до крајот на март, сите пчеларници од кои се пуштаат во промет пчелини заедници, пчелини заедници за одгледување на матици, сите пчелини заедници во оплодните станици и сите пчелини заедници сомнителни на варооза. Ако се посомнева дека пчелина заедница е заразена со таа болест, дијагностичкото испитување се врши и во другите месеци.

Член 18

Ако кај пчелите се утврди варооза, во зараезниот пчеларник и во полупречник од три километри околу него ќе се наредат следните мерки:

1) лекување на заразените пчелини заедници најмалку двепати годишно - во пролет и во есен;

2) отстранување на поклопените трутовски ларви од кошниците и користење на други методи за уништување на паразити;

3) забрана на преместување на заразените пчелини заедници до завршувањето на определеното лекување.

Член 19

Се смета дека вароозата во заразениот пчеларник престанала ако се спроведени сите наредени мерки од член 18 на овој првилник.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на заразни болести на пчелите („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/82).

Член 21

Овај правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/3
26 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вујков**, с. р.

**39.**

Врз основа на член 22 став 6 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), во согласност со Сојузниот комитет за сообраќај и врски, Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА УСЛОВИТЕ ШТО МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ СТАНИЦИТЕ И ПРИСТАНИШТАТА ЗА НАТОВАР, ПРЕТОВАР И ИСТОВАР НА ПРАТКИ СО ЖИВОТНИ

Член 1

Железничките станици и поморските, речните и воздухопловните пристаништа на кои се врши натовар, истовар и претовар на пратки со животни мораат да ги исполнуваат условите пропишани со овој правилник.

Член 2

Станиците и пристаништата од член 1 на овој правилник мораат да имаат постојани или подвижни рампи за натовар и истовар на животни, односно контејнери ако натовар односно истовар се врши со дигалки.

Член 3

Постојаните рампи се неподвижни и се градат од цврст материјал.

Постојаните рампи мораат да бидат приспособени така што да можат да се натоваруваат животни непосредно во железнички вагон односно камион со еден или повеќе катови, односно да можат да се истоваруваат од тие превозни средства.

Член 4

Подвижните рампи (мостови) се градат од цврст материјал што може да ја издржи тежината на најтешките животни што се натоваруваат односно истоваруваат.

Подвижните рампи мораат да бидат со благ наклон и доволно долги и широки што да овозможуваат лесно и непречено влегување на крупни животни во превозното средство односно излегување на животни од превозното средство.

Подвижните рампи мораат да имаат на надолжните страни доволно висока заштитна ограда што оневозможува испаѓање на животните за време на преминувањето преку рампата, а на подот - напречни летви, на погодни места, што го олеснуваат движењето на животните преку рампата.

Член 5

Контејнерите се градат од цврст материјал што може да ја издржи тежината на животните што се натоваруваат односно истоваруваат.

Контејнерите мораат да имаат на надолжните и напречните страни доволно висока и цврста заштитна ограда што го спречува испаѓањето на животните за време на натоварот односно истоварот.

Ако се натоваруваат или истоваруваат ситни животни, контејнерите мораат да бидат заштитени и од горната

страна за да се спречи искокање на животните од контејнерите за време на натоварот или истоварот.

Член 6

Постојаните и подвижните рампи треба да се наоѓаат на место погодно за натовар и истовар на животни, и тоа: во железничките станици – во близината на местото за натовар, а во пристаништата – на површина на која не се крстосуваат патиштата за натовар и истовар на животните со патиштата за натовар и истовар на стоки или со патиштата за движење на патниците.

Член 7

На станиците и пристаништата од член 1 на овој правилник мораат да се наоѓаат штали или заграден простор (обор) за привремено прифаќање на животните пред натоварот односно по истоварот.

Шталите и оборите мораат да бидат оградени со ѕид или со друга погодна ограда и мораат да имаат натстрешник што ги штити животните од директно сончево светло и од атмосферски врнежи. Во шталите мораат да бидат вградени, на погодно место, уреди за врзување на животните.

Шталата односно оборот на железничката станица мора да биде толку голем што да може да бере онолку ситни животни колку што бере еден железнички вагон со два пода.

На железничките станици на кои е изградена постојана рампа од член 3 на овој правилник, таа рампа мора да биде поврзана со шталата односно со оборот. Подот на шталата односно на оборот мора да биде бетониран или обложен со бетонска глазура или направен од некој друг непропустлив материјал и снабден со сливник што е покриен со железна решетка низ која не можат да пропаднат нозете на животните. Од ист материјал мора да биде изграден и пристапот од оборот до железничкиот вагон (постојана рампа).

Во станиците и пристаништата во кои не е голем обемот на натоварот односно на истоварот на животни, ако животните се натоваруваат во железнички вагони односно во брод директно од друмско превозно средство, односно ако се истоваруваат директно од вагон или од брод во друмско превозно средство и ако не се задржуваат на просторот на железничката станица односно на пристаништето, не е потребна изградба на штала и обор, под услов превозот на животни од шталата на сопственикот до железничката станица односно до пристаништето да не трае подолго од 60 минути.

Член 8

Во близината на шталата или на оборот односно рампата мора да се наоѓа чешма или бунар за напојување на животните и миење на шталата, оборот и рампата.

Член 9

Во близината на шталата или на оборот односно рампата мораат да се наоѓаат ѓубриште, канти или други направи за сместување на ѓубре и на други отпадоци од животинско потекло.

Ѓубриштето мора да е изградено од непропустлив материјал и мора да биде покриено.

Во станиците и пристаништата во кои не е голем обемот на натоварот односно на истоварот на животни, ѓубрето и другите отпадоци од животинско потекло можат да се затрупуваат на место определено за тоа.

Член 10

Рампите (постојани и подвижни), контејнерите, оборите и шталите, приборот и опремата што служат за натовар односно истовар на животни мораат да бидат чисти и исправни.

Шталите и оборите мораат да се чистат и дезинфикуваат по секое празнење, а рампите, контејнерите и патиштата по кои се движеле животни – по секој натовар односно истовар на животни. Чистење и дезинфекција се вршат со средства и на начинот пропишани со Правилникот за начинот на дезинфекција на превозни средства со кои се превезуваат пратки на животни, животински производи, животински суровини и животински отпадоци („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/77).

Член 11

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Правилникот за условите што мораат да ги исполнуваат станиците и пристаништата за натовар, претовар и истовар на пратки со животни („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/79).

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/1
26 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за земјоделство,
**Сава Вујков**, с. р.

**40.**

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја, („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/87), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА УСЛОВИТЕ ШТО МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОБЈЕКТИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И СКЛАДОВИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ, СУРОВИНИ И ОТПАДОЦИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ

Член 1

Објектите за сместување на животни и складовите за сместување на производи, суровини и отпадоци од животинско потекло наменети за извоз, мораат да ги исполнуваат условите пропишани со овој правилник.

Член 2

Објектите за сместување на животини (во натамошниот текст: објектите) мораат да се наоѓаат покрај главниот пат и граничниот премин. Објектите мораат да бидат оддалечени од населеното место и поврзани со пристапен пат за главниот пат, железничкиот колосек или поморското односно речното пристаниште.

Објектите мораат да бидат заградени со погодна ограда.

Член 3

Во објектите мораат да постојат посебни простории за сместување на одделни видови животни, и тоа: штали за сместување на крупни и ситни животни и обори за сместување на свињи.

Шталите и оборите од став 1 на овој член мораат да бидат поделени во боксови.

Внатрешните ѕидови од шталите и оборите и преградите меѓу одделните боксови мораат да бидат од погоден материјал што лесно се чисти, пере и дезинфикува.

Член 4

Во боксовите од шталите за сместување на крупни животни мораат да бидат вградени уреди за врзување на животните.

Член 5

Објектите мораат да имаат опрема и уред за чистење и дезинфекција на просториите.

Просториите во кои биле сместени животните мораат да се исчистат и дезинфикуваат по секое испраќање на животните.

Член 6

Објектите во кои животните се доставуваат или испраќаат со превозни средства мораат да имаат прибор и опрема што служат за истовар и натовора на животните, како и прибор и уред за чистење и дезинфекција на превозното средство.

Превозното средство мора да се исчисти и дезинфекува по секој истовар на доставените животни.

Член 7

Објектот мора да биде снабден со доволна количина вода за напојување на животните сместени во објектот и за перење на објектот и патиштата по кои се движеле животните.

Член 8

На граничните воздухопловни пристаништа (аеродроми) животни можат да се сместуваат само во посебна просторија за сместување на животни која мора да има боксови и кафези.

Внатрешната страна на просторијата, преградите меѓу одделни боксови и кафезите мораат да бидат изградени од материјал што може лесно да се чисти, пере и дезинфикува.

Член 9

Во близината на објектот мора да се наоѓа ѓубриште за сместување на шталско ѓубре и контејнери за сместување на други отпадоци. Ѓубриштето мора да биде изградено од материјал што не пропушта течност мора и да биде покриено.

Член 10

Објектите, освен објектите на граничните воздухопловни пристаништа, мораат да имат обезбедени услови за нештетно отстранување на мрши од животни што пцовисале во објектот.

Член 11

Пратките на производи, суровини и отпадоци од животинско потекло можат да се сместуваат во складови што се наменети за таа цел (во натамошниот текст: складови).

Складовите мораат да имаат посебно издвоени простории за сместување на производи и суровини, од животинско потекло а посебно издвоени простории за сместување на отпадоци од животинско потекло или за сместување на сурови и солени кожи.

Член 12

Складовите мораат да бидат изградени од материјал што лесно се чисти, пере и дезинфикува.

Член 13

Складовите за сместување на производи од животинско потекло мораат да бидат така изградени што да го зачувуваат основното својство на пратката и да оневозможуваат контаминација на пратката со контаминенти или туѓа мириза.

Складовите од став 1 на овој член можат да бидат обични и специјални.

Обичните складови, покрај исполнувањето на условите од член 12 на овој правилник, мораат да имаат природна или вештачка вентилација. Отворите за довод на свеж воздух мораат да бидат така поставени што да спречуваат контаминација на воздухот со прав, мириза или друг загадувач и снабдени со филтери и заштитна мрежа што спречува влегување на инсекти и глодари во складот.

Специјалните складови (ладилници), покрај исполнувањето на условите од член 12 на овој правилник, мораат да имаат уреди за одржување на постојана програмирана температура во складишниот простор.

Член 14

Складовите за сместување на отпадоци од животински потекло мораат да бидат изградени така што да ја штитат сместената пратка од влијание на директни сончеви зраци и атмосферски врнежи.

Складовите за сместување на сурови и солени кожи, покрај условите од став 1 на овој член мораат да имаат изградена канализација за одведување на отпадни води.

Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите што мораат да ги исполнуваат објектите за сместување на животни и складовите за сместување на животински производи, животински суровини и животински отпадоци на гранични премини („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/78).

Член 16

Овој правилник влегува во сила триесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/2
26 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вујков**, с. р.

**41.**

Врз основа на член 29 став 6 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86, Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА УСЛОВИТЕ И ТРАЕЊЕТО НА КАРАНТИНОТ ЗА УВЕЗЕНИ ЖИВОТНИ

Член 1

Под карантин, во смисла на овој правилник, се подразбира просторија или збир на простории во кои се држат животни, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни келии и јајца за приплод од увоз, под условите на целосна изолација, а заради проверка и официјално утврдување на здравствената исправност на увезената пратка.

Член 2

Карантинскиот објект за увезени коњи, говеда, овци, кози, свињи и перната живина, во поглед на местото на изградбата мора да ги исполнува условите:

1) местото на кое се наоѓа карантинскиот објект мора да биде физички доволно оддалечено од населби и од други сточарски објекти, кафилерии и јами – гробници, а нивото на подземните води на местото на изградбата мора да биде најмногу два метра под површината;

2) кругот околу карантинскиот објект мора да биде доволно пространа за да се обезбеди функционална поврзаност на одделни делови и ограден со ограда висока најмалку два метра;

3) карантинскиот објект мора да биде снабден со доволни количини вода за пиење и со систем за прифаќање и епизоотолошки безбедно одведување на отпадни и атмосферски води;

4) ѓубриштето на карантинскиот објект мора да биде оддалечено најмалку 50 m од карантинскиот објект и изградено така што да не е можно загадување на околината и разнесување на биолошки агенси;

5) карантинскиот објект не смее да биде сместен во круг во кој се наоѓаат други животни од ист вид, односно животни на кои може (заемно) да се пренесува која и да е заразна болест;

6) карантинскиот објект мора да ги задоволува стандардните нормативи за хигиена, сместување и држење за секој вид на животни.

Член 3

Карантинскиот објект, за увезени коњи, говеда, овци,

кози, свињи и перната живина, во поглед на техничките услови и опремата, мора да ги исполнува следните услови:

1) мора да биде изграден од цврст материјал и да одговара на технолошките услови за одгледување на определениот вид животни;

2) мора да има само еден влез, преку кој се контролира движењето на луѓе и животни и прометот на храна за животни и на друг материјал;

3) влезот во кругот на карантинскиот објект и влезот во карантинскиот објект мораат да бидат обезбедени со дезинфекциона бариера за возилата и персоналот и со пункт со опрема за дезинфекција на обувки и облека и за лична дезинфекција на работниците;

4) карантинскиот објект мора да располага со соодветни простории и опрема за преслекување и капење на работниците, со доволен број и видови на заштитна облека и обувки;

5) во карантинскиот објект мора да постои посебно уреден ветеринарски пункт и посебна просторија за изолирање на животните кај кои ќе се утврдат промени на здравствената состојба;

6) карантинскиот објект мора да располага со уредено место за дезинфекција на возилата со кои во карантинот се довезуваат животни од увоз и храна за животните во карантинот.

Член 4

Карантинскиот објект за увезени диви животни: питоми зајаци, птици, кучиња, мачки, пчели, свилени буби, риби, ракови, школки, желки, полжави, жаби, пијавици и лабораториски животни, мора да биде изграден и сместен така што да обезбедува задоволителни технолошки и ветеринарско-санитарни услови за одгледување на тие животински видови.

Член 5

Карантинскиот објект мора да биде подготвен за прием на животни од увоз најмалку 14 дена пред нивното пристигање во карантинот.

Карантинскиот објект се подготвува така што кругот на карантинот, карантинскиот објект и опремата за работа темелно ќе се очистат и дезинфикуваат со соодветно средство.

Член 6

За време на карантинот влезот во карантинскиот круг им е забранет на сите лица што не се вработени во карантинот, освен на ветеринарските инспектори и стручњаците на институтот што се овластени во карантинот да ги спроведуваат наредените епизоотолошки, клинички и лабораториски испитувања.

Член 7

Карантинот за увезени коњи, говеда, овци, кози, свињи и крупни диви животни трае 30 дена.

Карантинот за украсни птици, перната живина, кучиња, мачки, риби, ракови и школки трае 21 ден.

Карантинот за увезено семе за вештачко осеменување и оплодени јајни ќелии трае до завршувањето на наредените дијагностички испитувања, по правило – не подолго од 21 ден.

Член 8

Карантинот може да продолжи ако по преземеното клиничко патоанатомско и лабораториско испитување се посомнева или се докаже заразна болест кај увезените животни.

Член 9

Овај правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/8
26 неомври 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вуков, с. р.**

## 42.

Врз основа на член 16 став 5 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА МЕРКИТЕ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА КЛАСИЧНАТА ЧУМА КАЈ СВИЊИТЕ

Член 1

Заради сузбивање и искоренување на класичната чума кај свињите се применуваат мерките предвидени со овој правилник.

Член 2

Свињите се сметаат сомнителни на заболување од класична чума кај свињите ако епизоотолошки оправдано се посомнева на таа заразна болест, односно ако со клинички преглед се установат знаци на таа болест, а патоанатомски се утврдат промени карактеристични за класичната чума кај свињите – на органите или ткивата.

Свињите се сметаат заболени од класична чума кај свињите ако основано се посомнева на класичната чума кај свињите, а вирусот на класичната чума кај свињите се докаже со лабораториско испитување, со техника на флуоросцентни антитела во нивниот организам.

Биолошки оглед е задолжителен ако основано се посомнева на класична чума кај свињите, прв пат на територијата на една република односно автономна покраина, под услов од последниот утврден случај на класична чума кај свињите да поминале повеќе од 24 месеци.

Член 3

Дијагностичко лабораториско испитување со техника на флуоросцентни антитела и биолошки оглед се вршат во специјалистичка ветеринарска организација на здружен труд определена за тоа.

Член 4

Ако во определен двор или објект е утврдена класична чума кај свињите или се сомнева на класична чума кај свињите, ќе се наредат следните мерки:

1) забрана на движењето на свињите надвор од заразениот или на зараза сомнителниот двор или објект;

2) забрана на изнесувањето и прометот на свињи, производи, суровини и отпадоци по потекло од свињи, на добиточна храна и на други предмети со кои вирусот на класична чума кај свињите може да се изнесе од заразениот или на зараза сомнителниот двор или објект;

3) убивање на сите свињи во објектот во кој е утврдена класична чума кај свињите;

4) нештетно отстранување на мршите на пцовисаните и убиените свињи;

5) запленување и нештетно отстранување на производите, суровините и отпадоците по потекло од заболени или на класична чума кај свињите сомнителни животни;

6) ограничување на движењето на лицата што дошле во допир со заболени или со на класична чума кај свињите сомнителни животни, односно со производи, суровини и отпадоци по потекло од заболени животни;

7) забрана на работниците кои престојувале во заразениот двор или објект да дојдат пред дезинфекцијата во контакт со здрави животни;

8) дезинфекција на шталите, обориte за свињи, дворот и опремата што е користена во заразениот двор или објект, со определено дезинфекционо средство;

9) пакување и депонирање на ѓубрето и забрана на изнесување и користење на ѓубрето и уреата најмалку 40 дена од денот на извршувањето на наведените мерки во дворот или објектот;

10) карантин на кучињата и мачките во заразениот двор;

11) дератизација, дезинсекција и дезинфекција во заразениот двор или објект.

Член 5

Во општината во која е утврдена класична чума кај свињите ќе се наредат следните мерки:

1) утврдување на епизоотолошката ситуација, потеклото на заразата и патиштата за нејзиното пренесување;

2) забрана на издавањето уверенија за здравствената состојба на свињите од подрачјата на заразените општини или места;

3) попис и заштитна вакцинација на сите невакцинирани свињи;

4) заштитна вакцинација на сите вакцинирани свињи, ако при претходната вакцинација биле помлади од три месеци;

5) забрана на одржување саеми, на сите видови собирања на свињи и одржување на добиточни пазари на територијата на општината во која е утврдена класична чума кај свињите;

6) забрана на користењето на непроварени помии за исхрана на свињите.

Член 6

Заради спречување појава на класична чума кај свињите на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија е задолжително заштитно вакцинирање, двапати годишно, на сите свињи со наполнети 90 дена старост, ако тоа го бара епизоотолошката ситуација и за таа мерка да се доставуваат определени податоци.

Член 7

Заштитна вакцинација на свињите против класичната чума се врши со вакцина приготвена од К-сој вирус, а начинот на вршење на заштитната вакцинација и роковите во кои ќе се спроведе таа вакцинација ги определува органот надлежен за работите на ветеринарството во републиката односно во автономната покраина.

Член 8

Се смета дека класичната чума кај свињите престанала во заразениот двор ако се извршени сите наредени мерки и ако од тогаш изминале најмалку шест недели.

Член 9

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на класичната чума кај свињите („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/85).

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/5
26 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вујков**, с. р.

## 43.

Врз основа на член 16 став 5 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА МЕРКИТЕ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА ТИФУС КАЈ ПЕРНАТА ЖИВИНА

Член 1

Заради сузбивање и искоренување на тифус кај перната живина во јато, се применуваат мерките предвидени со овој правилник.

Член 2

Под јато на перната живина што се одгледува во фарми се подразбира, во смисла на овој правилник, група на перната живина од иста старост и од ист извор, ако се наоѓа во еден објект и ако тој објект ги исполнува условите на строга изолација.

Ако објектот не располага со дезинфекционен пункт и со посебни обувки и облека за работа на работниците во него и ако не ги исполнува условите за вршење на тековна дезинфекција, под јато на перната живина се подразбира група на животни од иста старост и од ист извор, ако се држи изолирано.

Под јато на перната живина во етккстензивни услови на одгледување се подразбира, во смисла на овој правилник, сета перната живина што се наоѓа во еден двор. Ако тој двор не е изолиран, под јато се подразбира сета перната живина од поголем број објекти или од цела населба.

Член 3

Како заболена од тифус се смета перната живина кај која со бактериолошко испитување (микроскопски и милтурелно) и со серолошки и биохемиски преглед е утврден предизвикувачот на тифус кај перната живина (Salmonella galinarum-Salmonella pullorum).

Член 4

На дијагностичко испитување на тифус кај перната живина подлежат:

1) сите суровини од животинско потекло за подготвување храна за исхрана на перната живина (рибино брашно, месно брашно, коскено брашно, месно-коскено брашно, брашно подготвено од отпадоци на заклана перната живина, крвно брашно и маслени погачи) - пред нивното користење за приготвување на храна;

2) остатоците од храна што се користени за исхрана на перната живина заболена од тифус;

3) уредите и просториите за инкубирање на јајца од перната живина, амбалажата (освен хартиена) и опремата што се користи при инкубирање - најмалку четири пати годишно;

4) оплодените јајца од кои, при инкубирањето, не се изведе пилиња, пцовисаните пилиња и неразвиените пилиња и нивниот фецес. На преглед се подложуваат најмалку 100 неизведени оплодени јајца, неразвиени пилиња и пцовисани пилиња. Од инкубатор (со капацитет до 3.600 јајца), на преглед се подложуваат најмалку 10 извадоци);

5) еднодневните пилиња што ќе пцовисаат во текот на транспортот и пилињата што ќе пцовисаат во текот на три дена од денот на завршениот транспорт;

6) објектите за производство на јајца и месо од перната живина и објектите за одгледување на перната живина - во текот на производството, преку брисеви;

7) збирен извадок на фецесот на подмладокот и несилките - двапати годишно (во одгледување и експлоатација);

8) труповите на пцовисана перната живина од матичните фарми и од фармите на несилки што се користат за производство на конзумни јајца - еднаш месечно, а од фармите на дедовските центри - еднаш неделно, со тоа што како извадок се смета еднодневно пцовисување на најмногу 20 животни;

9) кожата, месото и паренхимските органи (црниот дроб, срцето, фабрициевата бурза и слезината) од заклана перната живина, на еден збирен извадок од најмалку 10 животни земени на кланица на почетокот и на крајот од дневното колење.

Член 5

На дијагностичко испитување на тифус кај перната живина подлежи приплодна перната живина во времето на почетокот на несењето, со тоа што испитувањето да се врши кога несењето ќе достигне 10% во поволна епизоотолошка ситуација, односно 30% до 50% ако тифусот кај перната живина во јато бил утврдуван во последните три години.

Член 6

Дијагностичко-серолошко испитување на тифус кај перната живина се врши по методата на брза крвна аглутинација. Позитивните резултати од брза крвна аглутина-

ција мораат да се проверат со лабораториско испитување (бавна аглутинација, патоанатомски преглед, бактериолошко испитување на јајниците, црниот дроб и слезината на пернатата живина кај која со брза крвна аглутинација е утврден позитивен резултат).

Член 7

Дијагностичко испитување со брза крвна аглутинација на фармите во кои не е утврдуван тифус кај перната живина се врши кај 15% од бројот на животните во секое јато, а ако резултатите од постојаната бактериолошка контрола во текот на одгледувањето на пилињата биле негативни на Salmonella galinarum i Salmonella pullorum, јатата од 500 несилки мораат да се прегледаат во целост.

На фармите во кои во претходните години е утврдуван тифус кај перната живина и во јатата во кои со клинички преглед ќе се посомнева на оваа заразна болест, со испитувањето мораат да се опфатат најмалку 25% од вкупниот број животни на тоа јато.

Ако со брза крвна аглутинација се добие позитивен резултат, со испитување мора да се опфати целото јато на перната живина.

Член 8

Ако со лабораториското испитување, на начинот предвиден со член 6 од овој правилник, се утврди предизвикувачот на тифус кај перната живина, постапката за лабораториско испитување мора да се повторува во растојание од 21 ден се додека две последовни лабораториски испитувања не дадат негативен резултат кај целото јато.

Јајцата не смеат да се користат за насад додека трае лабораториското испитување и до престанувањето на заразата.

Член 9

Ако во јато на перната живина во кое има повеќе од 1.000 животни се утврдат помалку од 10% позитивни резултати од брза крвна аглутинација во однос на вкупниот број перната живина во тоа јато, ќе се примени натамошно испитување и санација на јатото со издвојување на позитивните животни од тоа јато.

Во јата со помалку од 1.000 животни во кои е утврдено повеќе од 10% позитивни резултати од испитувањето, ќе се преземе колење на целото јато.

Член 10

Јајца за насад можат да се пуштаат во промет само ако потекнуваат од јата во кои не владее тифус кај перната живина, односно од јата во кои дијагностичкото ипситување дало негативен резултат.

Член 11

Ако во суровините за приготвување храна наменета за перната живина се утврди предизвикувачот на тифус, таа храна и суровините за нејзиното приготвување мораат да се деконтаминираат со примена на соодветна постапка.

Член 12

Просториите, апаратите и приборот на местата за производство и складирање на добиточна храна во која е утврден предизвикувачот на тифус кај перната живина мораат да се дезинфицираат.

Член 13

Просториите и уредите во инкубаториските станици, амбалажата и опремата што се користат во нив, како и возилата што се користени за превоз на таков материјал, по утврдувањето на тифус кај перната живина мораат да се дезинфицираат со определено дезинфекционо средство и според определена постапка. Ако тифус кај перната живина е утврден кај пилиња од повеќе инкубатори, ќе се запре натамошното поставување на јајца до завршувањето на дезинфекцијата на инкубаторската станица.

Член 14

Во објектите за одгледување на перната живина во кои е утврден тифус мора да се спроведе дезинфекција, дезинсекција и дератизација и најдоцна вторит ден по спроведувањето на дезинфекцијата да се изврши бактериолошка контрола на нејзината ефикасност.

Член 15

Шталското ѓубре од заразените објекти мора да се изнесе надвор од економскиот двор и да се запакува на оддалеченост од најмалку 500 метри и не смее да се користи до истекот на рокот од три месеци од пакувањето.

Член 16

Тифусот кај перната живина се смета како престанат во јатото за приплод, ако по сите спроведени мерки и завршената дезинфекција, со дијагностичко испитување извршено десеттиот и дваесеттиод ден е добиен негативен резултар кај извадоците од органите на пцовисаните животни, на клоакалните брисеви и кај простирката од заразениот објект.

Тифусот кај перната живина се смета како престанат во јатото што се користи за гоење, ако се спроведени сите наредени мерки и е завршена дезинфекција и ако со дијагностичко испитување извршено на петиот и петнаесеттиод ден е утврден негативен резултат кај извадоците од органите на пцовисаните или присилно закланите животни.

Член 17

Пернатата живина што се користи за која и да било фаза на репродукција мора исклучиво да се храни со храна приготвена од суровини претходно испитани на тифус кај перната живина, со негативен резултат.

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на кокошких тиф („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/82).

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/7
26 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вујков, с. р.**

**44.**

Врз основа на член 16 став 5 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА МЕРКИТЕ ЗА СУЗБИВАЊЕ И ИСКОРЕНУВАЊЕ НА САЛМОНЕЛОЗА НА ПЕРНАТА ЖИВИНА

Член 1

Заради сузбивање и искоренување на салмонелоза на перната живина во јато, се применуваат мерките предвидени со овој правилник.

Член 2

Под јато на перната живина што се одгледува во фарми се подразбира, во смисла на овој правилник, група на перната живина од иста старост и ист извор, ако се наоѓа во еден објект и ако тој објект ги исполнува условите на строга изолација.

Ако објектот не располага со дезинфекционен пункт, со посебни обувки и облека за работа на работниците во него и не ги исполнува условите за вршење на тековна де-

зинфекција, под јато на перната живина се подразбира група на животни од иста старост и од ист извор, ако се држи изолирано.

Под јато на перната живина во екстензивни услови на одгледување се подразбира, во смисла на овој правилник, сета перната живина што се наоѓа во еден двор. Ако тој двор не е изолиран, под јато се подразбира сета перната живина од поголем број објекти или од цела населба.

Член 3

Како заболена од салмонелоза се смета перната живина кај која со бактериолошки преглед (микроскопски и културелен) и со серолошки и биохемиски преглед е утврдена инфекција со бактерии од родот Salmonella.

Член 4

На дијагностичко испитување на салмонелоза подлежат:

1) сите суровини од животинско потекло за приготвување храна за исхрана на перната живина (рибино брашно, месно брашно, месно-коскено брашно, коскено брашно, брашно приготвено од отпадоци на заклана перната живина, крвно брашно и маслени погачи) - пред нивното кортистење за приготвување храна;

2) остатоците од храна што е користена за исхрана на перната живина заболена од салмонелоза;

3) уредите и просториите за инкубирање на јајца од перната живина, амбалажата (освен хартиена) и опремата што се користи при инкубирањето - најмалку четири пати годишно;

4) оплодените јајца од кои, при инкубирањето, не се изведе пилиња, пцовисаните пилиња и неразвиените пилиња и нивниот фецес. На преглед се подложуваат најмалку 100 неизведфени оплодени јајца, неразвиени пилиња и пцовисани пилиња. Од инкубатор (со капацитет до 3.600 јајца), на преглед се подложуваат најмалку 10 извадоци;

5) еднодневните пилиња што ќе пцовисаат во текот на транспортот и пилињата што ќе пцовисаат во текот на три дена од денот на завршениот транспорт;

6) објектите за производство на јајца и месо од перната живина и објектите за одгледување на перната живина - во текот на производството, по пат на брисеви;

7) збирниот извадок на фецесот на подмладокот и несилките - двапати годишно (во одгледување и експлоатација);

8) труповите на пцовисана перната живина од матичните фарми и од фармите на несилки што се користат за производството на конзумни јајца - еднаш месечно, а од фармите на дедовските центри - еднаш неделно, со тоа што како извадок се смета еднодневно пцовисување на најмногу 20 животни;

9) кожата, месото и паренхимските органи (црните дробови, срцето, фабрициевата бурза и слезината) на заклана перната живина - на еден збирен извадок од најмалку 10 животни што се зема на кланицата, на почетокот и на крајот на дневното колење.

Член 5

Ако со дијагностичко испитување на салмонелоза се утврди предизвикувачот на салмонелоза, ќе се наредат следните мерки, и тоа:

1) суровините за приготвување храна за исхрана на перната живина мораат да се деконтаминираат по соодветна постапка;

2) просториите, апаратите и приборот на местата за производство и складирање на храна за перната живина, мораат санитарно да се обработат со соодветно дезинфекционо средство;

3) просториите, уредите, амбалажата и опремата во инкубаторските станици и возилата за транспорт на перната живина и јајца, мораат да се обработат по соодветна постапка и со дезинфекционо средство;

4) јајцата за насад, веднаш по собирањето, и апаратите за инкубирање мораат да се дезинфикуваат со бактерициден гас;

5) јајцата вложени во инкубатор истиот ден се подложуваат во текот на инкубирањето на санитарна обработка со бактерициден гас на 18-иот до 19-иот ден;

6) изведените пилиња, додека се уште влажни и додека се во инкубаторот, мораат санитарно да се обработат со бактерициден гас;

7) неизведените јајца, изведените неразвиени пилиња и другите отпадоци во инкубаторот мораат нештетно да се отстранат;

8) дезинфекција, дезинсекција и дератизација на заразените објекти за одгледување на перната живина и за производство на јајца и месо од перната живина, при што најдоцна вториот ден од денот на извршувањето на дезинфекцијата да се спроведе бактериолошка контрола на нејзината ефикасност;

9) отстранувањето на шталското ѓубре надвор од економскиот двор и негово пакување, при што шталското ѓубре не смее да се употребува до истекот на рокот од три месеци од денот на пакувањето;

10) лекувањето на болната перната живина со соодветен антибиотик, врз основа на антибиограм.

Член 6

Се смета дека салмонелозата на перната живина во јато за приплод престанала ако со дијагностичко испитување извршено на петтиот и десеттиот ден од денот на спроведувањето на сите наредни мерки и завршеното лекување, е утврден негативен резултат кај извадоците од органите на пцовисаната перната живина, кај клоакалните брисеви и кај простирката од заразениот објект.

Се смета дека салмонелозата на перната живина во јато што се користи за гоење престанала ако со дијагностичко испитување извршено на 5-иот и 15-иот ден од денот на спроведувањето на сите наредени мерки и завршеното лекување, е утврден негативен резултат кај извадоците од органите на пцовисаната или присилно закланата перната живина односно јато.

Член 7

Перната живина што се користи за која и да е фаза на репродукција мора да се храни исклучително со храна приготвена од суровини кои се испитани на салмонелоза, а резултатите добиени со таквото испитување се негативни.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на салмонелоза на перната живина („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/82).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-6573/4
26 ноември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
**Сава Вујков**, с. р.

**45.**

Врз основа на член 52 точка 2 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86) претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство издава

## НАРЕДБА

### ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗОТ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА И НА ПРОВОЗОТ ПРЕКУ ТЕРИТОРИЈАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА НА ЖИВИ ЧАПУНКАРИ (ГОВЕДА, ОВЦИ, КОЗИ И СВИЊИ) ПРОИЗВОДИ, СУРОВИНИ И ОТПАДОЦИ ПО ПОТЕКЛО ОД ТИЕ ЖИВОТНИ ОД СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

1. Заради спречување внесување во Социјалистичка Федеративна Република Југославија на заразните болести

лигавка и шап, се забранува увозот од Сојузна Република Германија, и тоа од областа Хановер, во Социјалистичка Федеративна Република Југославија и провозот преку територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на следните пратки:

1) живи чапункари (говеда, овци, кози и свињи);

2) производи, суровини и отпадоци од чапункари, освен термички обработени конзерви на месо, сурови кожи солени со морска сол и третирани со калцинирана сода ако така обработените кожи биле лагерирани најмалку 30 дена пред натоварот во местото на потеклото и ако во општината на потеклот на кожите и во соседните општини немало лигавка и шап за последните три месеци, термички обработено масно ткиво и волна перена во алкален воден раствор при вредност pH 10, со додаток на $Na_2CO_3$ во количина од 1,5 – 2 g на литар и сушена во воздушна струја при температура од 80°C.

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 390/1
14 јануари 1988 година
Белград

Заменик на претседателот
на Сојузниот комитет
за земјоделство,
м-р **Томе Кузмановски**, с. р.

## 46.

Врз основа на член 263 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/86) Сојузниот комитет за сообраќај и врски издава

# НАРЕДБА

## ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ВРЕМЕТО ВО КОЕ ВОЗДУХОПЛОВНИТЕ ПРИСТАНИШТА МОРААТ ДА БИДАТ ОТВОРЕНИ

1. Во Наредбата за времето во кое воздухопловните пристаништа мораат да бидат отворени („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/87 и 84/87) во точка 1 текстот под реден број 17 се менува и гласи:

„17 „Осиек"

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 06,00 | 22,00 | 1,3,5 | 06,00 | 12,00 | 1 |
| 06,00 | 12,00 | 2,4 | 08,00 | 24,00 | 2 |
| 16,00 | 22,00 | 2,4 | 04,30 | 10,00 | 3 |
| 09,00 | 15,00 | 6 | 06,00 | 10,00 | 4 |
| 14,00 | 16,00 | 7 | 07,00 | 12,00 | 5 |
| | | | 04,30 | 11,00 | 6 |
| | | | 04,30 | 08,00 | 7 |
| | | | 16,00 | 21,00 | 1 |
| | | | 17,00 | 23,00 | 3 |
| | | | 17,00 | 21,00 | 4 |
| | | | 17,00 | 24,00 | 5 |
| | | | 15,30 | 23,00 | 6 |
| | | | 15,30 | 23,00 | 6 |
| | | | 20,00 | 24,00 | 7". |

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 382/1
19 јануари 1988 година
Белград

Заменик на претседателот
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Андреј Грахор**, с. р.

## 47.

Врз основа на член 12 и член 20 став 2 од Законот за обезбедување и користење на средства за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 84/87), Сојузниот комитет за наука и технологија донесува

# УПАТСТВО

## ЗА СОДРЖИНАТА НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПРОЕКТ ИЛИ ПРОГРАМА И НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ИЛИ ПРОГРАМА

1. Иницијативата за формирање на проект или програма за која со Законот за обезбедување и користење на средства за поттикнување на технолошкиот развој на Југославија (во натамошниот текст: Законот) е предвидена можност за добивање средства за поттикнувања содржи:

1) назив на организацијата на здружен труд – организацијата иницијатор и име на одговорното лице со кое треба да се контактира;

2) назив на проектот или програмата;

3) цели на проектот или програмата, во согласност со одредбите на чл. 8 и 9 и член 11 став 3 од Законот;

4. процена на организацијата иницијатор за потребното време на траењето на истражувањето (во години);

5) рок за поденување пријава на заинтересираните организации на здружент труд до организацијата иницијатор кој не може да биде пократок од 15 дена од денот на објавувањето на иницијативата во „Службен лист на СФРЈ";

6) место и време на одржувањето на првиот состанок на сите пријавени на иницијативата;

7) други податоци што организацијата иницијатор ги смета за потребни.

2. Предлогот за поттикнување на проектот или програмата што координаторот на проектот или програмата го доставува до Сојузниот комитет за наука и технологија мора да содржи:

**а. Општи податоци, и тоа:**

1) назив на координаторот, име на задолженото лице, адреса, број на телексот и број на телефонот;

2) учесници во проектот или програмата, вклучувајки и странски партнери (назив, седиште и вид дејност);

3) назив на проектот или програмата;

4) технолошки цели на проектот односно научни цели на програмата и нивна иновациона основа (најмногу 1/2 страница);

5) мотив за засновање на проектот или програмата со оцена на состојбата кај нас и во светот во областа на која ѝ пропаѓа проектот или програмата; (најмногу 1 страница);

6) детален опис на предметот односно на областа на истражувањето и поврзаност со другите предмети односно области на истражувањето (најмногу 1/2 страница);

7) прогнози на кадровските ефекти на проектот или програмата (најмногу 1 страница);

8) план на работите до завршувањето на проектот или програмата со мрежен план на активностите со означени главни контролни настани;

9) структура на работата и структура на кадрите, според табела 1 на ова упатство;

10) поважна опрема неопходна за реализација на проектот или програмта, по учесници: посебно расположлива, посебно потребна нова (назив и вредност);

11) образложение на влијанието на резултатите од проектот или програмта врз животната и работната средина;

